СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 8-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22.I.1993 ГОДИНА**


1. АРСОВ ДРАГИ - 2
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 15, 74, 95
3. АЛИУ ХАМИД – 29, 100
4. АНДОВ СТОЈАН – 40, 43, 57
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 49
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 70
7. ДИМИТРОВСКИ ДИМИТАР - 35
8. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 25, 44
9. ЃЕОРЃИЕВ ПЕТАР - 55, 100
10. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 45
11. ИВАНОВ РИСТО - 121
12. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 50, 117
13. МАНЧЕВСКИ ЈОРДАН - 16, 41
14. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 27
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 30, 69
16. МАНЕВ ЕФТИМ - 51
17. ПЕТРОВ ТОДОР – 9, 20, 37, 40, 42, 108, 112, 117, 119
18. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 31
19. СТАМЕНОВ РИСТО - 49
20. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 47, 59, 102
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 28, 35, 44
22. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 19, 26
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 99
24. ТОШЕВСКИ БЛАГОЈА - 5, 53
25. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 7
26. ТАИРИ ЏЕЛИЛ – 50, 85, 101
27. ТРПЕНОВСКИ ДУШАН - 54
28. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР – 105, 109, 114
29. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 5
30. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 5, 52, 56, 74, 85, 106, 110, 115, 118


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осмото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на одржана на 22 јануари Република Македонија, 1993 година**

Седницата се одржи во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Со седницата продолжи да раководи господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Доста Димовска, Љупчо Поповски, Душко Ѓоргески, Наум Симјановски, Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 19** - Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Бидејќи Предлогот за донесување на законот, со Предлог закон е од строго доверлив карактер, согласно член 70 став 2 д Уставот на Република Македонија, Собранието треба да одлучи

дали ќе работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Го молам претставникот на Владата во врска со ова да ни каже дали остануваат на ова барање.

**ЏЕВДЕТ ХАРЈЕДИНИ:**

Го информирам Собранието дека Владата ја симнува од ознаката строго доверливо и Собранието може на јавна седница да го разгледа овој предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, во тој случај отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со овој законски акт односно со предлогот за донесување на закон за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари со Предлог на закон конечно се отвора еден проблем кој веќе добива загрижувачки димензии. Тоа треба сите да не загрижи и сите треба добро да размислиме. Односно станува збор за закон за кој ние треба овде исцрпно да разговараме односно се отвора проблемот за изработка на книжни пари, а овој пат за изработка и на кованите пари. Овде не треба да разговараме само за тоа кој ќе биде овластен за изработка на тие пари, односно како овде што се предлага дека тоа треба да биде акционерското друштво "11 Октомври"од Прилеп за банкнотите и"Сувенир" за кованите пари од Македонски Брод, туку ние овде треба отворено еднаш да проговориме и за квалитетот на парите што ги изработуваме односно боновите што имаат функција на пари и што се во оптек.

Практиката покажа дека сегашните банкноти се од крајно неквалитетни изработени, од неквалитетна хартија што претставува уште една потврда дека досегашната Влада кон овој проблем пристапува крајно нестручно односно гувернерот и Народната банка пред изработката на пари не го имаат доволно стручно обработено ова прашање и овие пари се произведуваат на еден крајно билетарски начин. Ние повеќе таквата практика не можеме да ја дозволиме и да ја толелираме. Мораме сериозно да размислиме колку е векот на траењето на овие банкноти. Дали и ние и натаму ќе печатиме похабани пари и на тој начин да се прават огромни трошоци, што секако треба некој да ги покрива. Се разбира, ќе ги покриваме сите ние односно со дополнителни трошоци на нашиот и онака осиромашен народ.

Второ, дали овие похабани пари не се користат како изговор да се печатат нови пари, а со тоа всушност да се врши емисија на нови количества банкноти. Со тие емисии ние знаеме што се прави. Се прави состојба која ништо друго не значи освен прилика за нова хиперинфлација, се разбира со пуштањето на нови пари во оптек.

Сигурно дека еднаш треба да се престане со ваквите игри без граници.

Во однос на кованите пари односно на ковaниците можеме да речеме дека е добро тоа што конечно ние се решивме да имаме сопствени ковани пари и на тој начин конечно ќе се ослободиме од југо фолклорот, а тој југофолклор сеуште е присутен кај нас токму со постоењето во оптек на старите југословенски пари, на оние пари на кои што сеуште стои грбот на СФРЈ. Очигледно, конечно треба да расчистиме таквото наследство кое што одамна за нас е неприфатливо, но кога зборуваме за овој законски акт односно за кованите пари ние исто така од Владата односно од гувернерот

на Народната банка, штета што јас не го гледам овде и што не е присутен на оваа седница да ни даде поконкретни објаснувања и образложенија за тоа каков ќе биде квалитетот на тие кованици. Ние мораме да имаме овде информација за легурата, за соодносот на номиналната и реалната вредност на тие кованици. Дали ќе се доведеме во ситуација номиналната вредност на кованите пари да биде помала од реалната вредност. Ако тоа се дозволи тогаш ние ќе се најдеме навистина во една апсурдна ситуација. Организацијата која што се занимава токму со "Сувенир" која што ќе ги печати тие кованици да ги повлечат и да ги користат за сувенири, за прстени или за некои други потреби ако реалната вредност навистина е повисока од номиналната и да ги повлечат од оптек.

Најпосле, не можеме да разговараме за ковани пари без државниот грб на Република Македонија. Затоа ние мораме овде да ја кажеме вистината дека за ковани пари не можеме сеуште да разговараме. Ние мораме да имаме едно стручно образложение за сите овие проблеми и ние не можеме и натаму да дозволиме импровизација во однос на ова значајно прашање, како што е, што се покренува со овој законски акт, а тоа е прашањето на издавањето на банкнотите и кованите пари. Не сакаме повеќе да имаме пари само за една употреба, и затоа ние мора- ме да добиеме одговор каков ќе биде квалитетот на тие пари. Ова прашање е значајно дотолку повеќе што веќе постојат информации дека е увезена нова хартија за пари, нова хартија за банкноти и овде навистина должен е министерот за финансии да ни каже под чиј налог е увезена таа хартија за банкноти, по која цена е увезена, каков е нејзиниот квалитет и дали таа хартија навистина и натаму е само за една употреба.

Од тие причини предлагам овој закон односно расправата по овој закон да биде одложена додека ние ги добиеме овие исцрпни информации што ги покренува овој закон, а кои ни се потребни за расправа и за наше одлучување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пратениците да останат во салата. Многу брзо излетувате, како се заморивте толку брзо. Седете ве молам, важни работи расправаме за државата.

Молам, кој друг бара збор?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, веќе стана една пракса тука за секоја точка на дневен ред да зборуваме се што ни дојде на ум, без оглед на тоа дали треба да зборуваме по конкретна точка. Се знае дека оваа Влада не е одговорна за лошиот квалитет на хартијата, а тоа се бонови кои биле печатени по одлука на бившата влада. Ако некој е најмалку одговорен за квалитетот на хартијата и ако некој нема никаква одговорност за тој квалитет тоа е ова Влада и не би требало ние сега за секоја точка на дневен ред да уфрлуваме партиска пропаганда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, и вие зборувајте само за ова.

**БЛАГОЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, мене многу ми е мило што Македонија како држава стигна да произведува свои пари, било ковани, било книжни. Единствено што можам од оваа говорница да кажам е тоа да ги поздравам вработените од Прилепската печатница, кои што ќе направат усилба да направат, мислам во однос на печатарскиот дел, а во

однос на категоријата колку тие ќе имаат вредност ќе треба да се заинтересира Владата. Истовремено ние заборавaме, или сакаме уште Топчидер да ни печати пари. Какви такви, наши ќе бидат, македонски пари. Во таа смисла единствено мене ми е мило што стигнавме да произведуваме и ковани и книжни пари во нашата македонска држава, а другото да се остави на Владата како истовремено ќе имаат вредност во однос на карактерот. Дали тоа ќе биде вредност и употребна вредност треба да си го има предвид самата Влада.

Сметам господине претседтеле дека овој закон треба да го ставиме на гласање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господо, конечно ќе се ослободиме од Топчидер, според моето видување. Конечно ќе дојде и денот да бидеме барем независни со таа пара. Но, ме загрижува една друга работа. Се согласувам со господинот Арсов околу стручната работа во однос на парите. Сакам да кажам дека треба да се обрне внимание во ликот на парата. Наполно се согласувам да го донесеме овој закон, но се плашам уште од една работа. Вредноста на парата каква ќе биде. Да не паднеме утре со таа иста пара во некоја поголема инфлација. Тука треба да бидеме сите претпазливи. Инаку, го поздравувам потегот на Прилеп што овозможија и сметам дека Владата ќе внимава во една работа, како ќе ја претставиме ние, уште еднаш повторувам, како ќе изгледа од малото динарче до најголемата пара која ќе излезе. Ликовната пара на страната. Тоа е многу важно во овој момент.

(Пратениците бараат да се гласа по Законот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе гласаме кога ќе ја заклучиме расправата. Додека некој се јавува јас не смеам да ја прекинам.

Јас мислам дека Законот треба да се стави на гласање. Овде беше спомнато квалитетот на хартијата на парите. Ние треба да се научиме дека во светот не се работи со готови пари како овде, бидејќи ние работејќи во последно време со марки и марките и франковите ги искинавме на Германија и на Швајцарија. Секаде се работи со кредитни картички и со чекови. Јас мислам ако во секој град и секоја област на наука и стручност најдеме такви стручњаци како стручњаците од печатницата "11 Октомври" многу побрзо ќе ни оди и стопанството и нашиот развој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара). Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари.

Кој е за, молам да крене рака. (67 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака. (63 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (два пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот по Текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (66 пратеника).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (два пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари.

Мислам дека ова е значаен закон и го честитам неговото донесување. Да го поздравиме со аплауз.

(аплауз во чест на донесувањето на Законот).

Минуваме на **точката 21** - Предлог на закон за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно- правната комисија и Мислењата на Владата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет констатира дека нема потреба од донесување на овој закон од причини содржани во овој извештај.

Законодавно - правната комисија не го разгледала овој закон бидејќи не бил присутен предлагачот на законот. Овде ви е поделено едно писмо што го добив од претседателот на Комисијата во кое се вели дека Комисијата немала кворум.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Изгледа индиректно Собранието овозможи да се прозбори за еколошката катастрофа на Дојранското Езеро токму заради тоа и намената на Законот е да се обезбедат средства за нејзино спречување. Законот беше предложен уште во претходната година така да заклучоците на работните тела, на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно-правната комисија имајќи ги предвид заклучоците што Собранието ги донесе по однос на усвојувањето на ребалансот на Буџетот за 1992 година не кореспондираат и сметам дека Собранието треба да го поддржи предлогот за донесување на овој закон и да го усвои предлогот на законот за финансирање на II-та фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро.

Во оваа прилика сакам да потсетам дека по однос на амандманот за утврдување средства за ребалансот на Буџетот за 1992 година Собранието ги прифати заклучоците на Комисијата за финансирање и буџет. Имено, не утврди посебна ставка во ребалансот на Буџетот за 1992 година, средства за финансирање на изградбата, меѓутоа заклучоците едногласно ги прифати ова Собрание, а меѓу нив еден гласи:

"При утврдување на Републичкиот буџет за 1993 година потребно е Владата да го има предвид и барањето за обезбедување средства за финансирање на изградбата на II-та фаза на системот за заштита на

I/10

Дојранското Езеро",и имајќи во предвид дека претстои донесување на Буџетот за 1993 година потребно е во рамките на овој заклучок да се создадат законски услови Владата да утврди посебна позиција за финансирање на II-та фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро, па во рамките на тоа сметам дека сосема оправдано е усвојувањето и донесувањето на овој предлог на закон.

II/1 СЈ/ЛБ

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (продолжение)

Во образложението за донесувањето на овој Предлог закон сакам да напоменам неколку основни податоци. На 24 март 1992 година до Собранието беше поднесен предлогот за донесување на Закон по итна постапка за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро, со Предлог на закон. Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на РМ на седницата одржана на 27 март 1992 година, донесе заклучок со кој му предлагаше на Собранието да го разгледа и усвои предлогот за донесување на законот. Меѓу другото оваа Комисија на Собранието му го предложи и следниот заклучок кој беше прифатен од страна на Собранието и истиот гласи: "Со оглед обемот на инвестиционата програма и предвидените средства во законот за реализација на истата се смета дека е потребно да се изврши целосно согледување на можностите за обезбедување на потребните средства во Републичкиот буџет за 1992 година.

Врз основа расправата Комисијата заклучи да му предложи на Собранието на истата седница да расправа и по Предлогот на овој закон".

Владата на Македонија на својата седница одржана на 26 март го разгледа предлогот за донесување на овој закон и при тоа го утврди во своето мислење следниот став: му предлага на Собранието да се извршат потемелни проучувања на овој проект од страна на надлежните органи на Владата.

На 35-та седница одржана на 31 март 1992 година Собранието едногласно го усвои следниот заклучок:

"Собранието заклучи Владата на РМ да и подготви и во рок од 60 дена на Собранието да му достави конзистентен модел односно Програма за економското искористувања и заштита на природните вредности на езерата во Македонија во кој ќе бидат содржани решенија околу изградбата, финансирањето, експлоатацијата, одржувањето и системот на

управувањето на езерата". На оваа 35-та седница од 31 март 1992 година, Собранието ја задолжи Владата да изготви посебна програма меѓутоа до месец мај 1992 година во рок од 60 дена Собранието не доби таква програма за заштита, изградба, финансирање, експлоатација на системите за заштита на езерата на РМ.

Предлог програмата Собранието ја доби некаде кон крајот или на почетокот на месец август минатата година, меѓутоа до ден денес таа програма воопшто не се најде на дневен ред, а проблемот е заштитата на езерата односно зголемувањето на степенот на еколошката катастрофа се повеќе се зголемуваше и е актуелен.

Имајќи го сето ова во предвид, а и фактот затоа што Дојранското езеро се повеќе и повеќе пресушува и се загадува се предлага повторно разгледуваше на предлогот за донесување на Законот за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро со цени коригирани заради зголемување на трошоците на изградбата предизвикана од влијанието на стапката на инфлацијата и извршената девалвација на денарот. Во согласност со одлука на Собранието односно Законот на Собранието уште од 1977 година, Собранието обезбеди средства во висина од 1 милијарда и 200 милиони стари тогашни динари за изградба на првата фаза на заштита на Дојранското езеро. Овие средства беа и обезбедени за изградување само на потребните неопходни објекти за заштита на Дојранското езеро што претставува само дел од една целина на системот и предуслов за изградба на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро.

Денес експлоатацијата и користењето на системот за заштитата на Дојранското езеро е ставена во рамките на претпријатието за комунални дејности "Дојран" од Стар Дојран. Меѓутоа, изградбата односно неизградбата на секундарната мрежа во Нов и Стар Дојран го доведува

II/3

системот на работ на економската неоправданост од понатамошна експлоатација односно искористеност бидејќи степенот на искористеноста се движи во просек од 15 до 20% што го прави целиот систем нерентабилен и економски неприфатлив бидејќи поголеми се трошоците за неговото одржување отколку добивката од страна на корисниците чии што број е зголемен, а заради неповрзаност на системот целта и функцијата на истиот не се остваруваат, а водите на Дојранското езеро се изложени на уште поголеми загадувања и количества на фекални и отпадни води. Во времето на изградбата на системот не се водело сметка за проширување на материјалната основа на претпријатијата од ова подрачје, зголемување на бројот на објектите од сто- пански и туристички карактер и зголемувањето на личниот стандард на населението .

Во времето од 8 до 10 август 1988 година, Дојранското езеро доживеа невидена еколошка катастрофа по флората и фауната во езерото и микроклимата во овој регион со едностраното истечување на водите од езерото од Грчка страна предизвикано пред се со уривањето на прагот кој што се наоѓа на Грчка територија. До ден денес Собранието сеуште не е известено Владата кои мерки ги презела за да се остварат билатерални контакти со Република Грција макар со посредство на меѓународни организации специјализирани за оваа намена и соодветни еколошки друштва за да се преземат соодветни мерки за да се спречи понатамошното истечување на водите на Дојранското езеро и нивно наполнување имајќи во предвид дека Република Грција еднострано ги има пренасочено водотоците од Беласица, подготвува вештачки езера на територијата на Република Грција.

Имајќи ги сите овие податоци во предвид се предлага Собранието на Република Македонија да го донесе законот за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро со што ќе се создадат законски предуслови Владата во буџетот за 1993 година да ги

предвиди потребните средства за отпочнување на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро. Со Предлогот на законот се предвидува средства во вкупен износ од 578 милиони 61 илјада 429 денари што би се обезбедиле од буџетот на Републиката за 1993 година, а претпријатието за комунални дејности "Дојран" да обезбеди средства во вкупен износ од 186 милиони 471 илјада и 430 денари со тоа што во членот 1 од овој Предлог на закон наместо во став 1, 1992 година, треба да се утврди 1993 година бидејќи се работи за буџетот за 1993 година.

И на крајот сакам да ги споменам следните активности кои беа предложени од страна на повеќе пратеници во рамките на заштитата на Дојранското езеро. Овој закон кореспондира со пратеничките прашања за Дојранското езеро на кој сеуште не сме добиле одговор или одговорите гласеле дека Владата е во тек на преземање соодветни активности. Прашањата се поставени од пратениците Ристо Станковски, Петар Гошев, Ванчо Младенов, Туше Гошев, Ванчо Златанов и Тиме Андонов со нивна иницијатива од 17 февруари 1992 година и пратеничките прашања на пратеникот Петров од 26.VI.1991 година и 10 и 11 јануари 1992 година. Исто така овој Предлог на закон кореспондира со пред- логот за донесување на закон по итна постапка од 24 март 1992 година и заклучокот што го донесе Собранието на 31 март 1992 година. Имајќи го во предвид и Заклучокот на соодветната Комисија за земјоделство и шумарство на Собранието на седницата одржана на 26 октомври 199 2 година го донесе во врска надминувањето на еколошката катастрофа на Дојранското езеро, предлагам во една од рамките на активностите на ова Собрание да биде обезбедувањето соодветни финансиски средства за финансирање на втората фаза на системот на заштита на Дојранското езеро и предлагам пратениците да го усвојат Предлогот за донесување на овој закон и Предлогот на закон.

II/5

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**

Нема да зборувам многу, само нешто ќе кажам. Кога влеговме овде во овој Парламент сите се согласивме да ги заштитиме нашите богатства. Јас не го знаев тоа што го кажа господин Петров уште 1977 година тогаш се отпуштаа средства за заштита на Дојранското езеро. Меѓутоа, ние сме такви луѓе, верувајте, такви сме ние по природа, по природа сме исти, јавашлии. Или вакви сме. Ако, нека подобро го направи тој што ќе дојде утре. И тука се губат и средствата, ја губиме и природата, губиме се. Меѓутоа убаво помнам каков став заседовме ние кога влеговме овде во овој Парламент за Дојранското езеро. Внимавајте, јас тогаш, не сакам да речам јас, повеќе рекоа, дека ако го изгубиме Дојранското езеро микроклимата и не само микроклимата туку и пошироко климата во Македонија ќе ја изгубиме. Затоа требаше Владата, претходната Влада и оваа Влада да го прифати тоа и порано да го донесе тој Закон за втората фаза. Меѓутоа, мене ме буни нешто друго. Знаеме дека од спротивната страна на тој дел е егејскиот дел на Македонија односно сега е Грција и тие вложуваат големи сили не да ја земат водата од езерото туку сакаат да ни го земат и воздухот и сакаат да не уништат и нас како луѓе уништувајќи го езерото. За жал, пред, пред, претходната Влада по нивни благослов или како да кажам тука незнам, водите ги исцрпува од езерото и господ не има на некој начин казнето на тие планини на Беласица, на Круша итн. околу тие планини за жал овие години не паѓаше снег малку вода се акумулираше во езерото. Дојде до пресекнување на езерото и верувајте ми јас пред 30 -40 години реков дека ние тоа езеро ќе го изгубиме. Има сведоци. Ќе дојде еден ден кога езерото ние ќе го изгубиме.

II/6

Второ прашање, дали Дојранското езеро, нашето Дојранско езеро спаѓа под заштита на некоја меѓународна организација . Ако нашето езеро припаѓа под некоја таква организација а треба да припаѓа затоа што е природно благо на една земја тогаш треба да се обратиме, господин Петров, кој кажа дека водите од Беласица и веќе грците ги свртија, јас знам една река кај Деми Хисар, Симитли, незнам каде оди кај Серез, ако така направиле Грците значи тотално езерото ќе го изгубиме. Затоа ја молам Владата преку ова Собрание да преземе мерки односно да се обрати до тие меѓународни организации на лице место да испратат стручњаци и да извршат увид дали Грците ни ја земаа1 и водата од планината. Ако е така, верувајте ми, колку и да вложиме ние на таа втора фаза за доградување, дозапазување на езерото господине Петров ние ќе немаме корист затоа што се кинат изворите. Водите да се вратат по природниот пат по кој пат одеа, а тоа ќе го направиме односно ќе го направи Владата ако влезе во контакт со некои меѓународни организации и на лице место се испита целата ситуација, а инаку каналот си тече. Каналот Грците не го затвораат. Водата си оди.

Јас сум законот за втората фаза на Дојранското езеро да се изгласа, а со молба до Собранието односно Владата да преземе мерки и нашата Влада да биде застапена со стручњаци на лице место да се прегледа еколошката катастрофа, климатската катастрофа која ја носат Грците на нас, на овој Македонски народ.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани колешки и колеги пратеници, тоа што ќе го кажам не е популарно, меѓутоа некои работи мора да се изнесат на виделина. Колекторските системи што се веќе изградени на нашите три природни езера функционираат некаде подобро некаде полошо судрувајќи се со ред тешкотии кои пред се се од финансиска природа. Тоа е така од една страна заради нерегулираниот однос меѓу републиката и локалната самоуправа и

од друга страна субјективна, односно субјективниот фактор човекот и неговиот однос према изградените системи. Но настрана се проблемот на Дојранското езеро е далеку посложени и ги надминува сите останати заради еколошката катастрофа што сега му се случува на езерото. Причина е неодговорниот однос, односно поточно речено вандалскиот однос на соседна Грција. Затоа и треба да се знае дека е сосема малку она што можеме ние да го направиме во споредба со она што треба да го направиме. Во моментот на итна потреба е вклучување на сите сегашни и потенцијални загадувачи на потегот на веќе изградениот колектор и обезбедување на негово исправно функционирање со расчистувањето исто така на односот на Република, локална самоуправа, месна заедница.

Како член на комисијата за зачувување на животната средина не можам да бидам против изградбата на колекторските системи за заштита на езерата знаејќи дека само заокружен систем на заштита и негово исправно функционирање може да придонесе за здрава животна средина. Но, знаејќи го проблемот на Дојранското езеро во овој момент, таа изградба не би придонела за подобрување на состојбата. Комисијата за екологија не зазела некој дециден став по ова прашаше, му беа искажани повеќе мислења како на пример дека во моментов нај- важно е одржувањето на веќе изградениот систем, неговото исправно функционирање како и исклучувањето на сите загадувачи сегашни и идни на тој потез.

Второ изградбата на втората фаза од колекторскиот систем на Дојранското езеро не го решава проблемот на езерото бидејќи на тој потег има мал број на загадувачи и тоа сезонски. Иако езерото е во фаза на изумирање со правилен однос на човекот кон него може да му се продолжи постоењето низ вековите односно да му се продолжи векот.

II/8

Граѓаните во Републиката со право се загрижени за неговата судбина. Во последно време просто се опседнати со проблемот што ни го наметна Грција со нашето убаво езеро. Ако Грците не го променат односот спрема езерото залудни ќе бидат сите наши напори. Залудни ќе бидат сите наши напори ако тие решиле да го исушат, а нема двојба дека тие решиле тоа ќе го сторат доколку немаме на рас- полагање некои наши против мерки . Каков би бил излезот од овој на- видум без излез, така барем јас мислам дека прво, а се согласувам и со другите што така мислат дека интернационализацијата на проблемот и притисок врз Грција од страна на меѓународната јавност од меѓународните организации за спас на езерото и преку Владини и не Владини органи и организации од Македонија. Мислам дека веќе тоа се прави но потребно е уште повеќе да се интензивира.

Второ , преземање на директни против мерки како би се натерала Грција на соработка, на дијалог без притисоци и уцени преку интервенција во Вардарската долина и на Вардар. Мислам дека за тоа треба и Владата да размисли и да ни предложи некакви решенија. Незнам како би реагирале грците ако знаат дека една година може да се пушти само биолошкиот минимум вода во коритото на Вардар и не би можеле да го користат за тоа што го користат сега.

Ако не се преземат радикални мерки изградбата на втората фаза на колекторскиот систем нема да биде никакво решение. Јас мислам дека тоа е и на предлагачот на овој закон сосема јасно, а за мотивите незнам.

III/1 сс/нд

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Поттикнат од расправата што се отвори по оваа точка, а мислејќи дека можам да дадам одреден придонес по оваа проблематика, би сакал да го кажам следното:

Ги поддржувам образложенијата што беа дадени по повод предлогот на овој закон од оваа говорница овде и излагањето на одделен број пратеници во врска со заштитата на Дојранското Езеро, но притоа мислам дека треба да се имаат предвид неколку клучни сегменти.

Првото прашање е дека изградбата на втората фаза е само еден од минормните сегменти за заштита на Дојранското Езеро. Практично, првата фаза каде што се опфатени огромен дел корисници, потрошувачи колекторски околу брегот на Дојранското Езеро таа е изградена. Но, во прашање е нејзината функција. Видно е дека првата фаза, која е најголема и потрошувачите што ги опфаќа првата фаза од колекторот на Дојранското Езеро, дека потрошувачите не се вклучени во колектор- ската мрежа од причини што не е изградена секундарната мрежа за заштита на Дојранското Езеро. Мислам дека редоследот на чекорите во ова ситуација ние го менуваме.

Приоритетна задача треба да биде изградба што нужно и објективно се наметнува, изградба на секундарната мрежа каде што огромниот дел на загадувачи на Дојранското Езеро се на тој потег од првата фаза. Всушност во еден понатамошен период треба да дојде и изградбата на потегот што го опфаќа и втората фаза, но каде што се наоѓаат сосема мал број загадувачи на Дојранското Езеро.

Мислам дека и со вакво решение во услови какви што ги имаме во Републикава и со носење на овој закон дека нема да ја постигнеме целта

што би сакале да ја постигнеме. Целото внимание на оваа Република треба да биде свртено во ставање пред се во целосна функција на тоа што може Републиката да направи за користење на првата фаза со приклучување и изградба на секундарната мрежа.

Видно е, и од мислењето што е истакнато овде, дека скоро сите корисници и јавното претпријатие што стопанисување веќе со првата фаза на колекторот, дека има соодветни големи проблеми во однос на одржувањето на тој систем, затоа што корисниците не се заинтересирани да се приклучат кон првата фаза и покрај постоењето и дадени толкав број на средства и внимание на општествената заедница во конкретниов случај Република Македонија и понатаму проблемот тежи со целата тежина што корисниците не се вклучуваат во првата фаза на колекторот што е изграден.

Мислам дека во овој момент приоритетна задача и на ова Собрание, кога овде веќе се расправа, треба да биде оваа проблематика. Во секој случај во еден целосен, конзинстентен систем на заштита на Дојранското Езеро треба во некоја подалечна иднина да се обрне внимание и на изградбата на втората фаза, целиот тој систем да се заокружи, но, уште еднаш да потсетам дека согледувајќи ја проблематиката, онака како што се наметнува веројатно се работи за погрешен ред на чекори што треба да се повлечат.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Само сакам претходниот говорник да го исправам во одделни негови констатации. Не станува збор за грешка во чекори, станува збор за зголемен број на корисници на системот на заштита на Дојранското Езеро од моментот на проектирањето на првата фаза. И, не станува збор за невклучување на корисниците односно потенцијалните загадувачи во

системот за заштита на Дојранското Езеро во првата фаза. Станува збор во моментот на проектирањето на првата фаза не се имало предвид дека ќе се димензионира бројот на корисниците, дека ќе се зголеми стопанската инфраструктура во населените места. И, според тоа постојната прва фаза е нерентабилна ако не се изгради втората фаза за заштита на системот на Дојранското Езеро. Тоа е едно.

Точно е дека изградбата и на втората фаза не го отстранува проблемот на истечувањето на водите од Дојранското Езеро. Меѓутоа дали тоа значи дека државата треба да се откаже од заштитата и на постојните води од натамошно загадување со фекални и отпадни води на Дојранското Езеро затоа што, според некоја констатација, соседна Грција решила да го пресуши езерото до крај и да го претвори во една мала бара.

Затоа, јас сметам дека не постои никаква грешка во чекори дека тоа е сосема нормална и логична потреба за изградба на втората фаза за да се зголеми рентабилноста на искористеноста на системот за заштита на Дојранското Езеро и во првата фаза. Корисниците се вклучени, меѓутоа ги има премногу што таа прва фаза од системот не може да ги задоволи и да ги пречисти вкупните фекални отпадни води што се влеваат во Езерото. Затоа системот станува нерентабилен во првата фаза односно се наметнува потребата од изградба на втората фаза.

Што се однесува до разграничувањето на правата и обврските на Републиката и општините, односно локалната самоуправа, сакам да го напомнам фактот дека според членот 56 од Уставот на Република Македонија националните богатства, природните богатства растителниот и животинскиот свет и богатствата во општа употреба се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Тоа веќе не се

надлежности на локалната самоуправа. Точно е дека во досегашниот систем на Републиката општините беа задолжени, според своите надлежности да водат сметка и грижа за системите за заштита на езерата што се наоѓаат на подрачјата на тие општини. Меѓутоа, со новиот устав таквите ингеренциите општините ги немаат, ниту пак граѓаните на општина Гевгелија каде што се наоѓа Дојранското Езеро имаат таква економска моќ ниту пак општината бидејќи не расплака со никакви изворни приходи да може да се грижи и да ја обезбедува функцијата на системот во неговото одржување и искористување.

Затоа, во рамките на отсуство на изворни приходи и надлежности на општините кои по Уставот веќе ги немаат што се однесува за природните богатства се наметнува потребата Републиката да ги преземе, како што тоа го утврдува и членот 56 своите изборни надлежности за посебната заштита на природните богатства.

Затоа сметам дека Собраниево треба да го поддржи овој закон. Друго е прашањето што пратениците немаат такви надлежности. Тоа е ингеренција на Владата што до сега прашањето за интернационализацијата на заштитата на Дојранското Езеро е наметната во работните тела, меѓутоа извршната власт треба да преземе соодветни чекори да не го разгледува прашањето толку долго колку што ќе биде потребно езерото да пресуши туку да преземе ургентни мерки и активности со надлежни меѓународни асоцијации. Тоа беше и во Комисијата за екологија наметнато за да навистина се интервенира и воспостави некаква билатерална соработка на било какво меѓувладино ниво помеѓу Република Грција и Република Македонија за заштита на Езерото што се наоѓа на територијата на двете држави.

Таква програма Собранието побара во рок од 60 дена, до крајот на мај, за 1992 година, но не доби. Од Министерството доби некаде кон крајот на август, меѓутоа програма со разработен конзистентен модел за заштита на сите три езера во Републикава Собранието до ден денеска не поставило на дневен ред ниту пак Собранието добило некој законски проект со што генерално ќе се разреши тоа прашање. Единствено од 1977 година постојат закони со кои Републиката односно Собранието на Републиката презема обврска за финансирање на изградба на колекторските системи на трите езера. Сегашната состојба и сегашните можности на општините не дозволуваат рентабилна експлоатација и соодветна експлоатација, така што и сега пречистителните станици на езерата повеќе придонесуваат да се загадува отколку да ја пречистуваат водата во езерата.

Конкретно се поставува проблемот за Дојранското Езеро, бидејќи таков закон се работи. Меѓутоа тоа не ја ослободува Владата од обврската да предложи законски проект за генерално решавање на заштитата на езерата во поглед на пречистување на водите и тоа не само за Дојранското Езеро, туку за Охридското и Преспанското Езеро. Затоа сметам дека не станува збор за грешка во чекори туку чекори, што ако сега не ги преземеме но ги одлагаме за некое идно време, само повеќе и повеќе ќе ја загрозуваме состојбата со водите во езерата, а конкретно, бидејќи законот за тоа се однесува, за Дојранското Езеро.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Можеби по некаква случајност се поклопи расправата по оваа точка со апелот што вчера го прочитав и кога реков, ќе повторам само една реченица "на 22 јануари 1993 година организираме протестен митинг "ВО ПЕТ ДО ДВАНАЕСЕТ-ПРИКЛУЧЕТЕ НИ СЕ"". Но, гледам дека со минута или две е поминато пет до дванаесет. Затоа ја кажувам последната

реченица дека животната средина нема да дозволиме да ни биде уништена.

Сега да кажам што беше на Комисијата за заштита на човековата околина.

Комисијата за заштита на човековата околина на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 октомври 1992 година, го претресе

Предлогот за интернационализација на проблемот со еколошка катастрофа на Дојранското Езеро и испраќање барање до УНЕСКО за ставање ка езерото под негова заштита и испраќање експертска група за посредување помеѓу Македонија и Грција околу трајното решавање на заштитата на Дојранското Езеро поднесено од Тодор Петров со Иницијатива за преземање конкретни мерки за заштита на Дојранското Езеро и заклучок од расправата по Информацијата за состојбите во Дојранското Езеро со Предлог - мерки за ревитализација и воспоставување на режимот на водите на езерата, поднесено од Собранието на општина Гевгелија

и на Собранието на Република Македонија, го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Комисијата за заштита на човековата околина на Собранието на Република Македонија, го разгледа Предлогот и Иницијативата за заштита на Дојранското Езеро од еколошка катастрофа и констатира дека сегашната состојба на езерото укажува на непочитување на еколошките законитости во животната средина. Неправилното управување со просторот и стопанскиот развој силно ги зголеми негативните антропогени влијанија врз езерото. Сегашната еколошка состојба на езерото ја наметнува потребата за преземање на итни мерки за такво управување со просторот, кое се базира ка еколошките законитости. Врз таква основа треба да се одвиваат понатамошните активности во управувањето со стопанскиот развој. Заради пратење состојби на езерото, потребно е организирање ка единствен мониторинг систем за набљудуваше со кој ќе се овозможи навреме да се реагира на прекумерните влијанија од страна на Република Грција.

Комисијата заклучи да го предложи на усвојување на Собранието на Република Македонија следниот

III/8

## ЗАКЛУЧОК

1. Се усвојува Предлогот за интернационализација на проблемот со екологаката катастрофа на Дојранското Езеро со прашањата истакнати во Предлогот заедно со Иницијативата на Собранието на општина Гевгелија за разрешување на проблемите во врска со еколошка и друга заштита на Дојранското Езеро.

2. Владата на Република Македонија во соработка со Друштвото на екологистите на Македонија (ДЕМ) се задолжува да достави Барање до Регионалниот интернационален центар за заштита на животната средина во Будимпешта за да се испрати експертна група која ќе го проучи проблемот за заштитата на Дојранското Езеро во соработка со стручните кадри од Републиката. Се оценува дека споменатиот Центар може да се јави и како посредувач помеѓу Република Македонија и Република Грција во разрешувањето на проблемите на Дојранското Езеро,

3. Владата да подготви кокцизна информација за сегашната состојба на езерото за преземените мерки за заштита од една страна и сегашните проблеми на езерото од друга страна, а притоа да се користат материјалите од зборникот на Движењето на екологистите на Македонија (ДЕМ) за состојбите и перспективите за заштита на Дојранското Езеро од 1991 година.

4. Комисијата за заштита на човековата околина на Собранието на Република Македонија смета дека Републиката ќе треба да стори се за интернационализација на овој проблем за заштита на Дојранското Езеро, бидејќи со еднострана акција од наша страна не може да се реши овој проблем, бидејќи значајни се влијанијата и од грчка страна врз самото езеро.

5. За аргументираното решавање на проблемите од состојби- те и заштитата на езерото пред меѓународните институции, неопходно е да се финансира едек научен проект за согледување на состојбите на езерото како екосистем и предложат мерки за заштита.

6. Иницијативите на Собранието на општина Гевгелија и независниот пратеник Тодор Петров за надополнување на недостатокот на вода во езерото со води од Кожув и Вардар или артериско еднократно пополнување треба стручно да се валоризираат. Вака како што се пред- лага не даваат основи за нивна реализација.

7. Заради перманентно следење на хидролошката и друга состојба на езерото, Комисијата ја прифаќа сугестијата да се формира хидролошка служба која ќе ги мери ажурно хидролошките промени во Дојранското Езеро.

8. Овој заклучок со извештајот да се достави до Владата на Република Македонија, Министерствата за: односи со странство, за земјоделство и шумарство и водостопанство, градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија.

Ми се чини, ова е сето доставено, само зошто Владата уште не го решила овој проблем, јас незнам.

мл

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам што по втор пат се јавувам, но морам поради забуната што кај мене ја внесе повторното излагање на господинот Тодор Петров.

Прашањето е следно, господин Тодор Петров во второто излагање кажа дека втората фаза се однесува на доградба, интервенција на првата фаза што е изградена и не може да ги прими целокупните количества на загадувачи што емитираат во првата фаза. А, од целокупната документација што е доставена во врска со овој проект што денеска го разгледуваме, фактички видно се гледа дека втората фаза за која се однесува Предлогот на законот се однесува за изградба на сосема нов потег на северниот дел од Дојранското Езеро, некаде на потегот од Стар Дојран до селото Николиќ.

Сега јас сум во дилема, јас му верувам на Тодор Петров, бидејќи е од тој крај, но исто така мислам дека не може да се узурпира ниту правото за односот спрема Дојранското Езеро бидејќи се работи за природно богатство од национален интерес што еднакво ни припаѓа на сите подеднакво без разлика на интересите и краиштата на кои им припаѓаме. Практично да се разјасни ситуацијата пред да дојдеме до изјаснување како пратеници, за што всушност се работи.

Се работи ли за изградба на тој потег, втората фаза на потегот од Стар Дојран до селото Николиќ каде што нема огромен број на загадувачи или согласно второто излагање на господин Петров, се работи за додатна интервенција на првата фаза што е изградена на потегот од Стар Дојран низ населбата низ Нов Дојран до македонско - грчката граница каде што се најголем број од загадувачите и каде секундарната мрежа не е до крај реализирана.

IV/1 сп/сл

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има Страшо Милковски.

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Вака како е дадено мислењето на Владата, мислам дека сосема држи и логично е тоа што е предложено и во овој случај се наметнува прашањето , мислам дека нема никакви дилеми да се поддржи мислењето на Владата. Меѓутоа, господинот Петров кажува некоја друга работа која и господинот Стојановски ја кажа, за која јас сигурно не сум уверен во тоа. Јас знам за тоа , затоа што се бавам со оваа дејност, кога се работел колекторот во предвид се земени реципиентите спрема пред- видените урбанистички планови и мислам дека не би смеело да се случи колекторот да биде така димензиониран по неговата изградба за две- три години не може да ги прими сите реципиенти. Меѓутоа, а од друга страна јас немам причини и на господинот Петров да му верувам дека е така. Ако е така, ако е направен промашај, ако не бил ревидиран проектот, ако се работело по старо урбанистичко решение, а не се земени предвид реципиентите при што може се да се случи при изработка на проектот, јас мислам дека ние сме во една дилема и не можеме да одлучуваме. Би требало логично да го погледнеме проектот или некоја стручна комисија да даде свое мислење за таа работа и за тоа сосема сериозно да се произнесеме спрема Дојранското Езеро.

Предлагам да ја прекинеме расправата и да се формира или Комисија или во надлежните тела каде не има доста инженери кои ја разбираме оваа проблематика и потоа да можеме да дадеме квалитативно мислење и да можеме да одлучиме онака како што треба да одлучиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ;**

Почитувани пратеници, јас нема да се задржам и да анализирам околу тоа дали е потребно или не е потребно да се изгради еден дополнителен колектор како што предлага господинот Петров со неговиот Предлог на закон, меѓутоа, ќе напоменам дека интернационализацијата на проблемот со Дојранското Езеро, по мое мислење треба да се одвива и во една друга насока, а таа насока е дека Дојранското Езеро е од типот на специфични езера богати со азот што значи дека му погодуваат на развитокот на растителниот свет, а со тоа нормално се затвора циклусот со исхрана на тој растителен и животински свет.

Мислам дека интернационализацијата на овој проблем треба да се води во насока на тоа дека пред се и над се Дојранското Езеро треба да се заштити како една специфична оаза со специфични видови на животински и растителен свет. Ние знаеме дека во една Англија, Франција, Германија , да не ги набројувам, постојат специјални здруженија кои се бават од аспект на заштита и опстанок на растителниот и животинскиот свет на Земјината топка. Мислам дека екологистите, покрај еколошката димензија на овој проблем, треба на некој начин да го иницираат и да го интернационализираат проблемот на опстанок на растителниот и животинскиот свет во ова езеро.

Инаку, овде се напомна, јас имам информации дека грците од практични причини настојуваат да го исушат езерото од една страна да добијат нови обработливи површини, не интересирајќи ги оној друг еколошки аспект за опстанок на тој животински и растителен свет, а од

друга страна своите раноградинарски производи што ги пласираат во ЕЗ на овој начин, со исушување на ова езеро, добиваат вода за наводнување, т.е. од две причини практично сакаат да го исушат езерото.

Затоа велам ова Собрание и сите здруженија , еколошки друштва што се треба проблемот да го интернационализираат во две насоки и тоа во насока од еколошки аспект и втората насока заштита на специфичниот вид на растителниот и животинскиот свет, односно рибниот фонд што го има ова езеро, вакви езера богати со услови за развиток на специфичниот рибен фонд во Европа не постојат, единствено езеро кое е најбогато со вакви хранливи материи и погодува на развитокот на овој рибен фонд.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара господинот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето Претседателство, јас потполно се согласувам со господинот Петров за втората фаза на Дојранското Езеро, меѓутоа, треба да разликуваме една работа дека ако е некој од Гевгелија па го брани Дојранското Езеро, а другиот од Охрид го брани Охридското Езеро, Преспанското и другите езера што ги имаме во нашата Република, јас се залагам за тоа за сите езера треба да имаме еден систем. Тоа е прво.

Второ, јас лично не сум убеден затоа што треба да имаме податоци во каква состојба е практично Дојранското Езеро. Исто така, мора да знаеме и статутот на Дојранското Езеро, на водите и другите работи еден таков елаборат би требало да има пред Собранието.

Трето, мислам дека навистина денеска се потврдува на оваа тема колку сме контрадикторни. Вака да зборувавме за стопанството, ако го знаеме суштинското прашање за изградба и на втората фаза и на третата фаза не знам на кое друго езеро, при падот на стопанството со 15% што го видовме со ребалансот, а не знам колку проценти е сега во јануари месец, јас се прашувам дали ни е друга желбата, а други ни се можностите и од каде ќе се финансира. Затоа мислам дека треба да имаме став за сите подеднакво.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕДСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници,

Јас не сакав да учествувам во оваа дискусија и немам такви познавања да се вклучам во овој систем, но логично би рекол некои работи.

Добро е се ова што го велиме, но да не преураниме на оваа наша сиромаштија да направиме колектор да го напојуваме Дојранското Езеро, а грците да го користат. Што со тоа се прашувам јас, ако сите овие наши реки ги свртиме во текот на Дојранското Езеро, а тие немаат сметка, а како што слушнав од двете дискусии дека ги спречиле водите и си прават нивни акумулации за наводнување на нивните полиша плус како што знаеме Дојранското Езеро го исцрпија и сега ќе немаат доволно вода и ние ќе мораме да му дотураме вода на Грција со тоа што ние ќе се сиромашиме. Дали не е подобро, се согласувам да се прават овие акумулации, но да не ги пуштаме таму , туку да служат прво за наши акумулации, за наводнување на нашите полиња, па дури кога ќе дојде меѓународно да се договориме со

Грција со меѓународен закон, со одредби, како е тоа регулирано и тие да ги натераат тие води што треба да го напојуваат дојранското езеро и ние , па дури тогаш да стапиме со тоа. Во овој случај ќе излезе како до сега со реката Вардар не направивме акумулации за наводнуваше на македонското плодно поле, туку целокупната вода им ја пуштаме на Грците и тие се фалат со толкави праски. Ако тоа го оствариме овде и да им пуштаме само еколошки минимум ќе ги прашам колкави ќе им беа праските. Тие со наши камења не гаѓаат по глава. Се додека ние не се освестиме само вака ќе осиромашуваме и назадуваме.

Јас сум за тоа прво убаво да се размисли, дали ние не носиме вода на Грција.

(со седницата продолжи да раководи претседателот Стојан Андов)

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВПКИ :**

Почитувани пратеници, мислам дека ова е еден од проблемите со кои не можеме да се бавиме тековно како со останатите проблеми со кои се бавиме во Собранието , чисто заради природата на нештата и природата на материјата која се третира и со овој закон за заштита на Дојранското Езеро. Еве на пример ние можеме да разговараме за електричната енергија, денеска има утре нема, или обратно, ќе напра- виме мерки и ќе ја добиеме, меѓутоа, со езерото не можеме соодветно да се однесуваме затоа што езерото еднаш ако го нема, понатаму не можеме да имаме цик-цак движеше ќе го има ќе го нема.

Еве јас ќе потсетам на една поговорка која била актуелна во 1945 година, кога новата власт во едно село рекла "ќе ви направиме школо", тие рекле "немаме деца", тие рекле "и деца ќе направиме", така и ние можеме да носиме многу закони кои одат во функција на еколошка заштита на Дојранското Езеро, меѓутоа, проблемот можеби најмалку е во заштита на Дојранското Езеро од овие отпадни води, канализациони затоа што од сите излагања и од информациите произлегува како и од образложението на предлагачот на законот дека главниот проблем можеби е сепак во она што ние не можеме со наши сили да го решаваме.

Оттука се согласувам дека треба да има приоритет во решавањето на проблемот со Дојранското Езеро, меѓутоа, не треба приоритетот да се бара помеѓу т.н. први и втори фази кои овде се нудат, можеби сепак опстанокот на езерото е првата фаза и приоритетот за кој ние треба да расправаме, пред да расправаме понатаму за овие работи за да не се случи заштитата во втората фаза да се сведе на некаква промашена инвестиција во Република Македонија.

Јас се согласувам со сите овие кои овде говореа дека проблемот треба да се интернационализира, само ќе потсетам на една вистина која може да не ни е многу драга, меѓутоа, е сепак вистина, а тоа е дека проблемот со Дојранското Езеро се актуализираше прв пат во 1987- 1988 година кога македонската држава беше во рамките на тогашната СФРЈ и вие секако знаете дека ни дипломатијата на СФРЈ не успеа да го стопира проблемот со Грција. Мора да знаеме дека односите на СФРЈ со Република Грција беа многу подобри отколку се односите помеѓу Република Македонија и Република Грција во овој момент. Ако имаме предвид дека

тогашните односи помеѓу тие две држави во рамките н а кои сигурно беше македонскиот интерес дискриминиран и во овој случај не успеаа да го надминат проблемот, тогаш не треба објективно да очекуваме дека сега во билатерален однос ќе го разрешиме проблемот со Грција како самостојна држава. Тоа треба Владата да го има пред- вид за да не трошиме енергија таму каде нема да биде многу плодна енергијата.

Не ми е на одмет идејата дека Владата треба за проблемот на Дојранското Езеро и за интернационализацијата на тој проблем да плати еден свој советник или вработен или тоа нека размислува Владата, мислам дека секоја цена ќе биде помала од цената ако езерото го снема Инаку, јас не се согласувам дека целта на Грција е да се исуши езерото меѓутоа, секако целта на грците е тоа езеро исклучиво да се користи за наводнување без разлика на другите ефекти кои произлегуваат како што се рибарење, стопанство, туризам. Веројатно не е сосема случајно што границата во 1913 година помеѓу тогашното кралство на Југославија и Грција е повлечена на потегот меѓу Бугарија и Албанија, точно низ трите езера. Тоа не било случајно, тоа што двете држави во тој појас имале интерес да добијат по дел од езерата кои се наоѓаат тука. Не верувам дека и на грците стратешкиот интерес им е сменет и дека тие веќе не сакаат по 70 години да има езеро на тоа место кога веќе толку граници се мачно повлекувани токму на Дојранско - Преспанско и Охридско езеро, да ги користат и двете држави кои во тоа време се прошириле на македонската територија. Тоа како проблем не треба така да го третираме.

IV/8

Инаку, интернационализацијата е во ред, не сакам да повторувам од ООН, ЕЗ, Грин Пис, здруженијата, конгреси на географи, климатолози, метеоролози, тоа треба да се зголемува.

Ние треба веројатно проблемот на Дојранското Езеро покрај од еколошки карактер да го третираме и од друга страна, пред се како економски, според моите информации не знам дали се точни веројатно се приближно точни кон езерото или директно од езерото е сврзан опстанокот на околу 400 0 граѓани на РМ кои се врзани со постоењето на езерото и од други аспекти, економски, таму има рибарење, туризам, угостителство. Ние како Република имаме приватен или општествен- државен капитал вложено многу, тоа се огромни туристички населби, хотели, кои влечат профити и од тој аспект треба да биде интересен опстанокот на езерото. Токму затоа треба да се измести самиот приоритет на решавањето на проблемите на Дојранското Езеро во таа насока.

Инаку конкретно по ова што е дадено тука како мислење од Владата јас го поддржувам и до колку не добиеме поинаков одговор ди- лемите кои пратениците Наќе Стојановски и Страшо Милковски ги изразија, јас го поддржувам нивното мислење по однос на законот, се разбира, до колку не добиеме на самата седница соодветно објаснување околу дилемата која произлезе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара господинот Стојков.

IV/8

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Овде беше спомнато дека грчката страна некој не верува дека сака да го исуши езерото, меѓутоа, јас ќе спомнам дека спрема некои информации , ми се чини на оваа седница беше изнесено дека изворите кои на некои начин го напојуваат Дојранското Езеро повеќето се на грчката страна и тие се пренасочени спрема други вештачки акумулации што значи дека некој смислено работи на тоа ова езеро да го снема од географската карта. Тие сакаат да добијат една површина која ќе ја користат за бавење со земјоделско производство.

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ :**

Почитувани пратеници, принцип на работа на ова Собрание било пред материјалот да се разгледа на пленарна седница да се разгледува од надлежните собраниски тела. Во овој случај констатирам дека барем две комисии кои се компетентни да дадат извештај за овој материјал, не го разгледале материјалот, а тоа е ЗПК и Комисијата за урбанизам и градежништво. Дури сметам дека Комисијата за урбанизам и градежништво треба да се јави во улога на матична комисија за овој случај затоа што недвосмислено се работи за просторно и урбанистичко планирање и планирање на инфраструктурни системи. Незнам од која причина овој материјал не е излезен пред таа Комисија.

Од друга страна сакам да констатирам дека зачудува индолентноста на Владата и на надлежното Министерство по однос на доставениот материјал од предлагачот.

V/1 ЛП/ПН

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ**: (Продолжение)

Јас не гледам овде претставник од надлежното министерство, а за надлежно министерство го сметам Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија. Во целина ги поддржувам заклучоците на Комисијата за екологија, меѓутоа, за жал не можам да го поддржам и предлогот на предлагачот за донесување на ваков закон од причина што сметам дека ќе упаднеме во погрешни методи со закони да донесуваме палијативни решенија кои ни најмалку не можат да придонесат за интегрално решаваше на проблематиката и за решавање на заштитата на езерото, како и за заштита на другите езера.

Зачудува, исто така како ова го поминавме, преку еден извонредно научно - конципиран и на многу професионално ниво издржан материјал кој токму зборува за овие прашања, а тоа е Програмата за изработка на документациони основи за заштита на природните вредности и економско искористуваше на Дојранското Езеро од Градежниот институт "Македонија" - Скопје и Програма за конзистентен модел за заштита на природните вредности и економско искористување на езерата во РМ, исто од тој Градежен институт. Зачудува значи што овие материјали не го најдоа своето место во оваа расправа, било преку собраниските комисии, било директно овде. За ова второто јас сум многу против, зашто секогаш сум се противел оваа говорница да се користи за излагања на свои лични видувања, ако не се поткрепени со конкретни показатели и аргументи.

Од тие причини, предлагам да се прифати заклучокот на Комисијата за екологија, а да се одложи од оваа седница донесувањето на овој закон се додека барем овие 2 собраниски комисии не го разгледаат материјалот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Жално ќе биде ако некој смета дека Дојранското Езеро е лично видување и личен проблем на пратеникот Тодор Петров, на чие подрачје на таа изборна единица се наоѓа Дојранското Езеро. Јас уште еднаш ќе повторам нешто што можеби претходниот говорник го кажа, меѓутоа, тоа не е проблем на пратеникот Петров кога материјалот е добиен и доставен до Собранието, а од август месец минатата година не е поставен на дневен ред.

1991 година, на 26 јуни е поставено прашањето за заштитата на Дојранското Езеро. Одговор добивме од Владата дека дополнително ќе достави материјал и одговор како ќе се реализира конзистентен модел за заштита на сите 3 езера во Републиката.

**ПРАТЕНИК ОД МЕСТО:**

Која Влада?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Владата која била на времето.

На 10 и 11 јануари 1992 година повторно е актуализирано прашањето, повторно одговор не е доставен. На 17 февруари од група пратеници е покрената иницијатива, повторно одговор не е доставен. На 24 март е предложен закон по итна постапка за изградба на 2-та фаза како една од мерките за заштитата на Дојранското Езеро, минатата година, повторно законот е одложен и не е разгледан во Собранието. На 31 март 1992 година Собранието донесе заклучок по однос на истиот предлог на закон, меѓутоа, сега со коригирани цени и по тој закон Собранието го донесе следниот заклучок, јас повторно ќе го цитирам.

"Собранието заклучи Владата на РМ да подготви и во рок од 60 дена на Собранието да му достави конзистентен модел односно програма за економско искористување и заштита на природните вредности на езерата во Македонија, во кои ќе бидат содржани решенијата околу изградбата, финансирањето, експлоатацијата, одржувањето и системот на управувањето на езерото."

За овој заклучок гласавме сите и треба да бидеме среќни што еден од пратениците кој гласаше за тој заклучок сега е премиер на новата Влада.

Во рок од 2 месеци, до крајот на мај, Собранието не го доби материјалот што го прочита пратеникот Димитар Димитров, го доби дури во август месец. Меѓутоа, а август месец во собраниската процедура од кога е добиен до денес тој материјал не е ставен на дневен ред. Јас сметам дека проблемот не трпи одлагање и затоа повторно се актуализираше на ваков начин предлог на закон. Предлогот не е напишан од пратеникот Петров тој да прави урбанистички решенија, предложено од претпријатието кое е овластено и од закон од 19 77 година да стопанисува и го користи системот за заштита на Дојранското Езеро, а тоа е комуналното претпријатие "Стар Дојран". Ако некои пратеници изразуваат недоверба, ние донесовме и заклучок по однос на ребалансот на буџетот аз 1992 година, повторно едногласно донесовме таков заклучок - се задолжува Владата во буџетот за 1993 година да утврди средства по однос на барањето за изградбата на II-та фаза на Дојранското Езеро. Ние сите заедно едногласно го усвоивме тој заклучок. Јас не гледам сега зошто се поставува дилемата повторно да се расправа начелно, па да видиме дали е целесообразно да се изгради II-та фаза. Ако надлежните тела не го разгледале предлогот, за што предлагачот не е виновен, ниту е  пак е виновен зошто Владата досега не понудила

мерки и активности да се надминат проблемите, а зборуваме за екологија и се давиме во овие еколошки загадувања надвор од оваа сала и во овој град, сметам дека е прифатливо, барем за мене како предлагач, меѓутоа прашањето е неодложно, да се одложи расправата по предметот додека 2-те работни тела ако има потреба нека одат и за лице место со претпријатието кое стопанисува по овластувања со закон на ова Собрание, да утврдат дали се вистинити предлозите што се содржани во законот за да му предложат на Собранието соодветно, компетентно да се изјасни. Еве, јас таа иницијатива ја прифаќам, да се одложи расправата, меѓутоа, ако е потребно Комисијата нека оди на лице место за урбанизам, градежништво и екологија, нека дополнително го проучи предметот аз II-та фаза за заштитана Дојранското Езеро, на Собранието да му поднесе извештај и Собранието да се изјасни. Ние веќе заклучок сме усвоиле во ова Собрание и јас сметам дека воопшто не се оправдани критиките кои се однесуваат дека треба да разгледаме еден таков модел за сите 3 езера и јас кажав во моето прво уводно излагање - треба, меѓутоа, бидејќи Владата за сите 3 мисли дека треба понатаму, а е нужно и неопходно сега ако не утре, вчера или денес, затоа сметам дека би требало да се прифати предлогот и Собранието да го усвои предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон аз финансирање на изградбата на II-та фаза на системот за заштита на Дојранско Езеро.

Кој е за молам да крене рака.

(Некои од пратениците во салата реагираат дека има и друг предлог)

Чиј е другиот предлог? Дали Тодор Петров го повлекува законот? Ве молам тој не кажа ништо друго. Тоа Комисија што ќе се формира е друга работа, а тој или го повлекува законот или законот си останува.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас законот не го повлекувам и тоа не е закон на Петров ако Петров е предлагач. Меѓутоа, бидејќи надлежните работни тела и дел од пратениците побараа да се проверат податоците за да биде навистина издржан и со соодветен извештај да можат пратениците компетентно да се изјаснуваат, како предлагач на законот предлагам прашањето да си остане на дневен ред, меѓутоа, гласањето да биде одложено откако 2-те надлежни тела ќе поднесат извештај на Собранието, макар и со директни разговори со Претпријатието кое стопанисува и го користи системот за заштита на Дојранското Езеро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние тогаш можеме повторно да го ставиме на дневен ред во таков случај. Инаку, сега да остане на дневен ред, а да немаме никаков став - ако мислите на овие комисии сега што биле, комисијата за градежништво, таа комисија го има материјалот добиено кога и сите други пратеници, членовите на таа комисија го имаат добиено тој материјал, таа не се огласила за надлежна да го разгледа. Ако се огласила за надлежна, ќе го разгледала, нормално. Сите материјали ги добиваат заедно, сите пратеници и претседателите на комисиите оценуваат дали е во нивна надлежност. Сега што има овде искажувања и такви и вакви, по секоја точка

ние имаме разни искажувања. Заради тоа ние не можеме да одиме надвор од Деловникот.

Ако г-динот Петров како предлагач, бидејќи само тој е пасловен како предлагач, кој стои зад тоа нас не не интересира, тој е овде предлагач, ако останува на предлогот да оди постапката, јас морам да го читам ова. Ако тој го повлекува, па мисли дека треба да се направат други подготовки за кои зборуваше, па потоа ќе го пушти во постапка, може и така. Г-динот Манчевски сака да се искаже, само тој не е предлагач.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Мислам дека само една комисија го има гледано, Комисијата за финансии. Другите комисии и мојата комисија за екологија не го има гледано овој закон. Затоа, јас реков дека ова што го зборувам го зборувам во мое име и она што е кажано во Комисијата во интегралниот текст околу заштитата на Дојранското Езеро и тоа што колегата го читаше како потпретседател на Комисијата, тоа не по тој закон туку по разгледувањето на комплетната проблематика на Дојранското Езеро и неговата заштита, така што мислам дека веројатно се работи за грешка дека Комисијата исто така се произнела како некомпетента или претседателот на Комисијата веројатно заради тоа што моментално немаме претседател. Тоа така го разбрав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, што е сега предлогот? Г-дине Петров, вие сте предлагач, повелете и кажете кој е дефинитивниот став како предлагач.

V/7

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Законот не го повлекувам, а Собранието нема да пропадне затоа што нема да се изјасни моментално сега по оваа точка. Ние имаме такви уште неколку седници кои сме ги одложиле заради дополнителни сознанија и кои ги чуваме во резерва, прашање кога ќе ги продолжиме и точките кои се на дневен ред на тие седници.

Затоа, јас предлагам, како што еве се изјасни претставник од комисијата која се смета за надлежна да расправа по овој предлог на закон и Комисијата за урбанизам, градежништво и екологија, истите да го разгледаат и да му поднесат мислење, бидејќи побараа и од кога ќе добиеме мислење односно извештај, собранието компетентно да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само оваа иницијатива можеше да се даде на почетокот на расправата.

Друго, предлагачот доколку го задржува законот, а дава вакви предлози, по тие предлози Собранието одлучува. Овој предлог да не продолжиме со расправа сега, туку да го упатиме законот на комисии, а да се задржи како точка на дневен ред, тоа треба Собранието да одлучи. Собранието го уврстило сега да се расправа. Ако се одложи, може тој да побара да го одложи. Нека побара да се одложи, ако сака така, ако не може друго.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Одлагање по одлучување на оваа точка од дневниот ред побараа надлежните тела. А според Деловникот кога предлагачот или надлежните работни тела ќе побараат дополнително да се изјаснат пред одлучувањето,

Собранието ја прифаќа односно претседателот по Деловникот таа забелешка и прашањето се одлага до одлучувањето, за да се добијат потребните извештаи на надлежните работни тела.

Јас точката не ја симнувам од дневен ред, јас само барам одлагање до одлучувањето по добивањето на извештаите од надлежните работни тела, како што и тие самите побараа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, ни едно тело не бара. Овде сте пратеници, не сте тела. Овде еден пратеник кој е член на една комисија тврди дека не го гледале, а сакаат да го гледаат. Што чекале до сега? Комисиите не бараат, ни еден претседател на комисија не станал да каже причини зошто не го гледале и зошто сакаат да го гледаат. Според тоа, не барало некое тело, туку во дискусијата, во расправата е искажано такво мислење од одделни пратеници, ништо повеќе. Во тоа е работата.

Како да продолжиме?

(Некои пратеници од место велат "да гласаме")

За редоследот на точките постојано одлучува Собранието. Сега треба да го поместиме редоследот на оваа точка, да го одложиме сега заклучувањето по неа, а да ги задолжиме комисиите, иако ни една од комисиите не барала да го гледа и можела да го гледа. Колку време ги имаат овие материјали членовите на комисиите! Ако претседателот не оценил така, секој од вас што е член на комисијата можел да покрене постапка во комисијата.

За збор се јави г-динот Борко Горчевски, кој сега ја врши должноста претседател на Комисијата за екологија.

V/9

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Не претседател, туку потпретседател.

Јас кога ги изнесував заклучоците, тоа беа по барање на Тодор Петров за интернационализација на Дојранското Езеро. А овој закон воопшто не е разгледуван од таа комисија, матичната, и затоа може да се побара одлагање додека ние го разгледаме како матична комисија и Комисијата за градежништво, ако се согласува Тодор Петров, ние бараме одлагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За оваа можност овде што се наведува дека предлагачот или претседателот на Комисијата може да каже дека сака да разгледа, тоа е за амандманите кои доаѓаат овде во текот на расправата. За секоја друга постапка по актите е предвидено да си оди таа во ред и нема никаква причина тоа да се одлага, ако не бара од оправдани причини претседател на комисија, на работно тело. Овде нема никој да бара. Или предлагачот може да го одложи, тој може да го повлече сега, да го стави на друга седница. Тоа може.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас ќе му предложам на предлагачот на овој закон да прифати една солуција, а таа се состои во следното: Тој како предлагач може да го повлече законот, што значи законот да не биде повеќе во процедура, може да бара одлагање или измена на точката на дневниот ред на денешнава седница, а јас ќе му предложам да побара одлагаше за една од наредните седници и овие комисии што се меродавни по оваа проблематика да го

разгледаат предлогот на закон со амандмани што се пристигнати, ако ги има итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сето тоа му стои на располагање, се разбира. Ве молам, ако имате таква намера, в ред, ако не, да одиме на изјаснување.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи сега е на ред 55-та седница, тогаш го одлагам расправањето по оваа точка за 55-та седница на Собранието, за да се добијат извештаите од надлежните работни тела.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, од оваа седница го повлекувате.

Преминуваме на **22-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за данок на промет на производи и услуги, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон и извештаите на комисијата за финансирање и буџет, ЗПК и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со овој предлог на закон за изменување на законот за данок на промет на производи и услуги, всушност се бара да се променат тарифините боеви односно учебниците имаат тарифен број 8 и имаат данок на промет од 3%, додека тетратките,

V/11

речниците и блокчињата имаат тарифен број 1, а со тоа имаат и различен данок на промет односно данок на промет од 42%.

Со вака високиот данок на промет на овие производи практично се поскапуваат за 50%, со што значително се намалува нивната конкурентска способност, а со тоа имаме и огромен увоз на овие производи од околните земји. Сметам дека ова се учебни помалгала, неопходни за учениците и студентите и сметам дека треба да имаат ист данок на промет односно да бидат во истиот тарифен број 8....

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ**: (продолжение)

ако што се и учебниците, односно да имаат данок на промет од 3%. Со ова практично ќе се стават, ќе се избегнат овие неконкурентски односи и ќе се стават во функција домашните производи потенцијали а со тоа и знатно ќе се намалат цените на овие производи.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, овој предлог закон за измена на Законот за данок на промет на производи и услуги го поднесовме тројца пратеници, јас, Александар Гештаковски кој моментално е отсутен и тоа подолго време поради болест и сигурно ќе ни беше од корист да ни помогнеше во одбраната на Законот и господинот Јордан Зафиров. Со оваа измена која што се состои само во два члена, го предлагаме следното. Тарифниот број 8 точката 1 алинеја 11, во тој тарифен број да ги ставиме тетратките, блоковите и речници, тие сега во постојниот закон се наоѓаат во Тарифниот број 1 каде што имаат даночна стапка во висина од 42%. Па што е потребата од донесувањето на овој закон и од што се ние одлучивме за таков начин, а тоа е следното. Сметаме дека стапката која што сега ја имаат овие производи, е неверојатно висока поради тоа што е неконкурентна на домашниот пазар со скоро 50% данок било кој производ е неконкурентен. Тоа е едната работа а замислата ни беше не да штитиме одредена индустрија, туку мора одделни производи да бидат со конкурентска даночна стапка спрема, пред се соседните држави каде што на овие производи тие или воопшто немаат даночна стапка или таа е најминимална што може да постои. Поради тоа ни се јавуваа одредени случаи домашните тетратки оваа година да имаат енормно висока цена поради високата даночна стапка што е пропишана во Законот за данок на промет, кој што ние го донесовме во мај минатата година. Инаку пред

VI/2.-

донесувањето на овој закон овие производи имаа даночна стапка од 3%. При спојувањето на даночната стапка од сојузната стапка и републичката стапка е дојдено до испуштање на овие производи и тие се влезени во тарифниот број 1 каде што сите производи кои што не се наброени во останатите тарифни броеви, имаат даночна стапка од 42%.Овој закон го поднесовме уште во август минатата година и сметаме дека треба да оди по итна постапка и затоа предлогот го поднесовме како закон со итна постапка. Меѓутоа, поради тоа што сите знаеме како одат работите во Собранието еве овој закон иако е со назнака да оди по итна постапка доаѓа после 6 месеци на разгледување. Инаку сметаме дека и денеска овој закон е актуелен и дека пратениците треба позитивно да се произнесат за него. Инаку го имаме и го почитуваме со целосен респект мислењето на Владата во кое што стои дека потполно се прифатливи укажувањата од потребата од менување на даночното оптоваруваше на тетратките, блоковите и речниците, но Владата смета дека таа треба со свој закон не само оваа измена да ја направи, туку и други измени за кои што тие сметаат дека треба да се направат. Но ние тргнувајќи од тоа дека за дневен ред во постапка чекаме веќе 6 месеци со нашиот понуден закон и тргнувајќи од тоа дека сигурно ако Владата и денеска понуди еден закон, сигурно нема така брзо да дојде на дневен ред, не се откажуваме и не го повлекуваме нашиот закон и сакаме Собранието да се произнесе по него.

Инаку сметаме дека прво и основно е тоа што со вака висока даночна стапка овие производи е оптоварен домашниот буџет за издатоци на децата и набавка на овие производи. Тоа ни беше основниот мотив за да го поднесеме овој закон и на некој начин да ја отстраниме оваа неправда што беше донесена од ова Собрание во месец мај минатата година. Поради сите овие причини што ги изнесов, не тргнувајќи од тоа дека треба да правиме некоја и да навлегуваме во даночниот систем без соодветна

VI/3.-

анализа, но тргнувајќи од тоа дека за нашиот предлог за измена на Законот имаме доста аргументи кои што ние сметавме дека треба да ги искажеме пред Собранието, на крајот само сакам да ве повикам позитивно да се произнесете по предложениот закон.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во принцип го прифаќам овој закон бидејќи самиот закон има неколку функции. Првата функција мислам дека е во функција на социјалната политика и второ што зафаќа категорија на граѓани, на популација која материјално е необезбедена и нема шанса односно не е во ситуација да ги набави сите учебници и учебни помагала. Во таа смисла мислам дека овој закон ќе одигра извонредна улога, сите деца и ученици да имаат еднаков старт во основното, средното и другото образование, и посебно онаа категорија на граѓа- ни што имаат многу помали материјални приходи би можеле да дојдат во позиција многу полесно да ги набават овие книги, учебници итн. од причина што тие ќе бидат поевтини. Инаку практиката покажа дека најголемиот број од населението не беше во можност да набави основни помагала и учебници во основното, средното и другото образование. Ние знаеме што значи една скапа книга, една скапа тетратка итн., и бевме принудени да ги набавуваме оние тетратки со незнам какви некои наслови што не се во рамките на нашата македонска држава. И во таа смисла предлагам дека овој закон има извонредна суштина во неговото донесување и го прифаќам неговото донесување.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас обратно би кажал во принцип не се согласувам со предлагање на парцијални закони. Оваа област, даночната политика и придонесите или ќе се решава комплексно на ниво на државата или ќе правиме стално грешки. Така не се решаваат овие проблеми. Ниту еден аргумент не држи, не може да бидат евтини и конкурентни нашите домашни производи затоа што

данокот ќе биде 5% или 50% во однос на другите производи кои што го имаат истиот данок на промет. Не зборувам за шверцот кој што го прават со ова. Така, оваа материја во принцип и Парламентот е должен во принцип да работи целосно и оптимално да дава решенија, а не вакви парцијални решенија. Така да сметам ние можеме од овде демагогии да продаваме, за ученици, за деца, меѓутоа, така не се решаваат проблемите. Јас сум против донесувањето на еден таков закон.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, во начело се согласувам со образложението што го дадоа предлагачите на овој предлог. Меѓутоа она што рече и претходниот дискутант и кај мене има една резерва дека ќе се поремети целосно и даночната политика во тој однос со тоа што секој пратеник ќе има право на секоја седница да бара такви измени, како што има состојби, новонастанати итн. Меѓутоа, она парцијално решавање што рече претходниот дискутант е такво што навистина не би требало на ваков начин да работиме и сметам дека Владата има обврска и треба што поскоро законот за даночниот систем малку повеќе да го претресе, да го преиспита и да направи усогласувања согласно новонастанатите состојби. Затоа не се согласувам и јас на парцијален начин да ги решаваме сите овие проблеми. Така сите други гранки ќе се јават итн. и предмет на работа на ова Собрание ќе бидат само барања за измени односно од една група во друга група за пониските проценти.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас ќе ја поздравам иницијативата на предлагачите од причина што практиката тоа го бара. Наиме, за мене ова претставува еден аларм за Владата, бидејќи ако данок на промет се ставаше со цел да се полнат

буџетските каси, ако тие во овој момент и порано беа празни се за благодарение на една конкуренција, која што во овој случај не е лојална, меѓутоа тие тетратки, блокови и други учебни помагала, во овој случај речници не се купуваат, туку се купуваат од страна, тоа е аларм дека треба да се интервенира. Во овој случај можеби Владата требаше да го направи и јас би предложила Собранието оваа измена да го прифати, а после ова веќе пристапи кон сериозна промена на соодветни стапки на данокот на одредени производи и услуги, односно да направи една концепција која ќе биде прифатлива и за овој Парламент и за граѓаните за да може производите преку цените да можат да бидат достапни и да се купуваат, односно да бидат задоволни и граѓаните и буџетските каси да бидат полни.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

По основ на предложените измени и дополнувања на Законот ЗПК ги поддржа и тоа од следните причини. Бидејќи школските учебници и помагала не се ставени во иста тарифа, оценивме дека само по тој основ, бидејќи се работи за учебници да бидат во иста категорија на даноците, од таа причина го прифати ЗПК предлогот односно овие измени и дополнувања да бидат прифатени од Собранието и за тоа постои право и уставен основ.

Образложението на предлагачите што го даваат по однос на тоа дека учебниците односно тетратките што се произведувале во нашата држава бидејќи имале висока даночна стапка не можеле да се продаваат а тетратките што се увезувале од другите држави биле поконкурентни, тој основ сметам дека воопшто не држи, бидејќи сите тетратки било од каде што дошле, тие подлежат на данок. Доколку Владата преку своите органи не го контролира тој однос, тоа е друга работа. Инаку основот постои само по тој дел што се работи за ученици, учебници и тетратките да бидат

ставени во иста тарифа, во иста категорија на данок. Од тие причини сметаме дека треба Собранието да го прифати овој предлог за измена на законот.

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

Со оглед на времето кога се расправа за предлогот на овој закон, отпаднале неколку елементи за негово донесување по итна постапка. Тоа претставникот на предлагачот го изнесе. Бидејќи се наоѓаме во месец јануари а масовната набавка на овој вид материјали да истакнам дека тетратките не се исти како книгите. Тоа се сосема различни видови на производи и имаат различен карактер. Владата како што истакнавме и во писменото мислење ги респектира аргументите и како ретко кога и предлагачот ги респектира аргументите на Владата изнесени во мислењето. Во овој случај Министерството за финансии има уочено и други проблеми во врска со стапките на данокот на промет затоа што овој закон што е сега на сила потекнува од времето кога се собрани двете ставки на основниот и на посебниот данок на промет, со техничко собирање и така сега тоа е на сила. Ние имаме,. не сакам сега овде да изнесувам, и поакутни проблеми во примената на овие стапки и работиме на тоа, па наскоро Владата да излезе со предлог за одредени измени и дополнувања на Законот аз данок на промет и услуги, во кој најверојатно се носиме со мислата да влезат за овој вид производи. Меѓутоа не мора тоа да биде од 42 на 3% туку мора да се согледа и да се одмери. Ако е ова многу, дозволете тоа Владата да го уочи, предложи и образложи, каква која е таа помала стапка и во која тарифа да влезе овој вид производ, се со цел, а наредниот пат ќе расправаме за Буџетот па ќе се отвори обратна расправа.

VI/7.-

Аргументот дека со ова се опфаќа една категорија население, даночни обврзници не се децата и учениците, туку нивните родители кои не се исти во материјалната основа. Ние со вакво линеарно смалување не одиме кон субвенционирање на оние родители со ниски примања, туку на сите. Затоа ве молиме,децата не се даночни обврзници, ни учениците и затоа ве молиме да го прифатите мислењето на Владата, наскоро по овие прашања да се расправа по повод Предлог на Владата за изменување и дополнувања на законот за данок на промет и услуги, на кој се работи и нема да трае долго. Со оглед на тоа што почетокот на школската година е подалеку кога масовно се набавуваат овие учебници и интерни помагала па се надеваме дека пред тоа ќе бидат донесени измените во Собранието.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, ние ставот на Владата го знаевме во Комисијата за буџет и финансирање. Владата стоеше на мислење да не се прифати Предлогот. Комисијата за финансираше и буџет во целост го прифати предлогот за изменуваше на Законот за данок и промет на производи и услуги од аспект што согледувајќи ја ситуацијата каква е во однос на овие помагала и учебници, Комисијата во целост го прифати и да се донесе на денешната седница овој закон.

Јас сакам како пратеник нешто друго да кажам, дали нашата Влада согледува дека ние сопствените фабрики ќе си ги затвориме за конфекционирање на тетратки. Дали гледаме дека некаде дури од Кореја доаѓаат тетратки тука многу поевтини, нашите фабрики ќе ги затвориме. Токму поради тој огромен данок кој што треба да се плаќа за овие помагала.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:** (Продолжение) .

Истовремено, ние треба да сме свесни дека одредени држави можеби и поцивилизирани од нас овој данок го немаат. Го имаат исфрлено, за помагала, за речници, за научно издигнување на книги и други помагала кои што се од одделенска настава, па се таму до претшколска, средно и вишо образование, овој данок не го плаќаат. На пр. Владата може да се заинтересира колку држави овој данок го имаат исфрлено. Зошто да се плаќа данок на пр. за тетратки. Ние го зафативме како комисија да стои, но да биде најмногу 3%.

**ДУШАН ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ја поздравувам иницијативата за промена на овој закон од следните аспекти. Прво, пратениците што го предлагаат овој закон воопшто не се виновни што некој не го спречува сеуште битпазарскиот менаџмент.

Второ, ние не можеме да бидеме исто така подолго виновни, затоа што покрај основниот и посебниот данок на промет сеуште егзистира како категорија во даночната политика на прометот во производството.

Потоа, набавката на тетратките и блоковите е континуирана работа. Не е точно дека е таа само во септември кога почнува школската година туку е во тек на цела школска година.

Потоа и производството на овие видови на производи е континуирано. Така, треба да го деблокираме еден цел процес и процесот на производството и процесот на продажбата и потоа се работи за една многу осетлива сфера, за сферата на образованието каде што секоја држава тука прави одредени олеснувања, заради се знае вкупната политика на една држава во сферата на образованието.

Владата час поскоро да почне да работи и да го разреши, затоа што има и други производи, на пр. во областа исто така на здравството кои што, третирајќи ги со категоријата основен и посебен данок на промет државата зема и за оние производи за кои што после индиректно треба да дава или да ги решава состојбите, кои што со една неадекватна политика се влошуваат.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, сметам дека предлогот што пратениците го имаат дадено е на место и треба да се прифати, а сите аргументи што беа изнесени се во една друга функција. Сметам дека Владата под итно треба да пристапи кон уредување на односите во делот на фискалната политика и парцијално постепено веќе да ги предлага одредени промени кои што се нужни заради заштита на дел од индустријата која што е нападната на одреден начин со одредени увози, кои што и неконтролирано се случуваат. Оттука, сметам дека овој предлог треба да се прифати и воедно да предизвика кај Владата овие други промени веќе да настанат под итно. Јас само би го изнел примерот што во соседна Бугарија се спроведе спрема извозите кои што беа наши,иако традиционално на тој пазар немавме воопшто извози од делот на производите, посебно од алкохолните пијалаци кога во соседна Бугарија се уведе извозот што од Македонија е конкурентен за нивното производство и сигурно заради заштита на сопственото производство веднаш донесе заштитни механизми, како во областа на даноците, така и во областа на царините. Оттука, сметам дека треба Владата во делот на царинската заштита под итно да предложи и измена во делот на царинските тарифи каде што на одреден начин ќе бидат опфатени и овие увози што на одреден начин се случуваат.

Овие денови веќе имаме во Словенија воведено царина на увозот на вино од 100%. Тоа значи заштита на производството во Словенија и воедно полнење на буџетската каса во Словенија. Тоа се нужни мерки кои што Владата треба да ги преземе спрема одредени, сигурно односи на одредени држави, кои што билатерално или на одреден начин во спогодбите ќе бидат и поставувани. Како ќе се однесуваат одредени држави со нас, така и ние реципроцитетно треба да се однесуваме спрема нив, а со самото тоа треба и да ги решаваме проблемите кои што се јавуваат.

На крајот само да потсетам посебно делот на тетратките, блоковите и другиот училиштен прибор во сите држави на одреден начин е со многу пониска стапка на данок, заради тоа што на одреден начин тој дел и се бенифицира, а решенијата се бараат во другите механизми кои што постојат пред Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАРЕДИНИ:**

Поводот не е толку значаен, меѓутоа се изнесоа овде сугестии за кои воопшто Владата не мисли во иднина да предложи такви решенија. Ако некој производ допатува од Сингапур во Македонија, производ кој имаме исти компаративни предности што кај нас тој е поевтин од нашиот не е проблем ни на Сингапур, ни на даночната политика ни на царинската, туку е проблем на нашите производители и оваа Влада нема да ги штити до крај сите производители. Тоа треба да се знае.

Второ, Македонија како што знаете и овој Парламент знае е ориентирана кон пазарно стопанство. Ве молам, кој мисли дека тоа пазарно начело се остварува само во рамките на границите на Македонија, е во илузија. Пазарно стопанство е поширок пазар од границите на една држава. Тие стопанства што пазарот го држат на свои граници, пропаднаа. Меѓу

главните причини беа тие зошто пропаднаа тие системи и тие стопанства. Според тоа, немојте околу ова да добиваме насоки кои воопшто не мислиме така дијаметрално да се разликуваме. Тврдевме дека ги цениме аргументите за овој вид производ. Кажав дека мора да оди од 42 на 3. Ние сме ценеле дека нашите размислувања за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет, ќе влезе и ова и тоа наскоро. Во тоа е суштината на мислењето на Владата. Инаку,ќе рековме дека ние и не мислиме да го внесеме во нашите измени, па Парламентот како ќе одлучи така ќе биде и применето. Меѓутоа, ги ценевме аргументите на предлагачот и предлагаме тоа да биде во рамките на вкупното. Затоа што ви укажувам, молам, овие дискусии да се памтат и не ќе мора да се памтат долго време, ние сега скоро ќе расправаме за Буџетот за 1993 година каде сите овие работи ќе ги третираме од сосема друг аспект, интерес. Сите вие, па самиот народ и граѓаните ќе ценат кој денес се залага за намалување на даноците, а утре за зголемување на расходната страна на Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би кажал два-три збора. Почитувани пратеници, дами и господа, имаме една иницијатива на тројца пратеници кои имаат свое образложение и тие имаат свои мотиви и сега има еден став кој е изложен од Владата. Мислам дека целиот случај не треба толку да го заоструваме и да го драматизираме и може брзо да се донесе решение. Пратениците кои ова го предложиле имаат чувство и свест за целината, меѓутоа, мислат дека тоа е нивни политички потег и мислат дека има една потреба, малку која се одвојува од другите потреби, од целината и бидејќи не може да се чека со таа потреба, треба да се интервенира со еден закон. Дали овој закон ќе се донесе или не, треба да се раководиме од мотивите на заштита на домашно производство. Сега ќе ви кажам зошто. Ние сигурно домашното

производство мораме да градиме политика која ќе го штити на одреден начин, а сепак да биде изложено на пазарен притисок од страна. Тоа ќе го распраавме друг пат кога ќе биде овде царинскиот закон и посебно царинската тарифа на расправа, а исто така и кога ќе се одлучуваме, дали ќе воведиме ние и врз основа на кои права некои вон царински ограничувања и други инструменти на заштита. Инаку, каква ќе биде заштитата треба да се води сметка, меѓу другото, затоа што тоа ќе биде предодредено и со нашето членство во ГАТ. Таму ќе имаме обврска. Една од обврските спрема ГАТ е домашното производство да не смее да се штити со даночната политика. Данокот не е инструмент на заштита, напротив, тоа не смее да се употребува како инструмент на заштита. Данокот е нешто друго. Инструментите на заштита се нешто сосема друго и ќе видите дека таа скала на дозволени инструменти е сосема јасна и дефинирана и тоа ќе биде содржано во спогодбата која ќе ја потпишеме таму. Затоа, не е убаво ако ние овде кажуваме дека со данокот ние се браниме од странската конкуренција. Имаше доста во вашите излагања овде, заради тоа што сосема на друг начин е прикажана нашата општа политика спрема светот, економска политика спрема светот. По мое мислење единствено ако образованието во овој дел нашата политика треба да ја построиме така во сферата на образованието, ние не можеме да им дадеме бесплатни учебници на учениците како што во повеќе земји се прави. Таму за она образование кое е задолжително со закон ние родителите ги задолжуваме да ги праќаат децата на школо, а не можеме да им дадеме бесплатни учебници, да немаме така висок данок на промет на учебниците. Тој данок се пресметува и на овие од дома произведени и на увозните и на сите. Дали некој не го плаќа тој данок, заради тоа што шверцува, тоа е работа на службата што треба да го фати. И дали во тие

рамки како однос кон образованието и правата што ги гарантира државата во таа област да дискутираме во овој момент по овој закон, а тоа не ја спречува Владата кога ќе го предложи целото решение и друго решение, и нека не биде 3%, таа може да каже 13% ќе биде, 7%, за тоа пак ќе даде предност на некои други од здравството да кажеме или незнам од каде. Но, тоа тогаш ќе го гледаме, а сега имаме конкретен проект и треба по него да се произнесеме и да не ја кочиме дискусијата и да не ја врзуваме за материја која не е врзана со овој проблем.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Јас уште во моето прво излагање реков, а тоа и го мислам дека не е целта на Законот да штити одредено индустриско или било какво производство. Ако добро ме следевте јас тоа го кажав. Но, целта е друга. Сакам да укажам дека при донесување на Законот на данок на промет што го донесовме во месец мај е направен превид. Тоа и министерот го кажа пред малку. Ние кога го донесовме тој закон само ги споивме сојузните и републичките ставки. При донесувањето на тој закон е направен превид и тетратките се ставени во тарифа 1 со стапка од 42%. Пред тоа тие биле по стапка од 3%. Во тарифата 8 со стапка од 3%. Инаку, во неколку дискусии се мешаа одредени работи. Само сакам да истакнам дека учебниците и сега се во тарифниот број 8 каде што има стапка од 3%. Ние само сакаме да исправиме одредена работа која што не беше направена во Законот што го донесовме во месец мај. Сакаме онаку каде што се учебниците во тарифниот број 8 да ги сместиме и тетратките и блоковите и речниците и исто со стапка од 3%. Инаку, морам и тоа да го кажам даночниот систем во секоја земја мора да биде споредлив и конкурентен со одредени земји, а пред се и со земјите кои што се од најблиско окружување. Што значи со соседните даночни системи. Тоа е и еден основен принцип кој што мора да

се запази и при донесувањето на новиот даночен систем. Ако во одредени соседни земји подалеку и пошироко или нема данок за тетратки, блокови и учебници или има данок со многу ниска стапка, нашата интенција не да штитиме производството, туку сакаме да исправиме одредена неправда која што е нанесена со законот со данокот на промет во месец мај. Мислам дека и Владата сосема се согласува со тоа. Инаку, ние можеби немаше да инсистираме сега да се гледа Законот. Ние го донесовме, односно го предложивме на Собранието уште во месец август но бидејќи актуелноста на законот сеуште постои спрема нашето мислење, на мислење сме дека Собранието треба да се изјасни по овој закон, да го чуеме гласот и на пратениците по овој закон. А понатаму постапката сигурно ако помине во ред, ако не помине Владата сигурно ќе го има предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Според тоа, основен принцип на даночниот систем не смее да биде дискриминаторен спрема увозната стока. Тоа е основно.

Ако не бара никој збор, тогаш го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на закон за данок на промет на производи и услуги.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

61 пратеник гласаа за.

Дали е некој против? (еден).

Дали некој се воздржува од гласање? (б).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

67 пратеници се за.

Дали има некој против? (еден).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и член 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандман на насловот, тарифниот број 6, став 1 и на член 1, но амандманите на насловот и на член 1 ги повлече. А се согласи со модифицирање на амандманот на тарифниот број 6, став 1 во амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет, а со него се согласи претставникот на предлагачот за што тој станува составен дел на текстот на пред- логот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (еден).

Дали е некој воздржан од гласање? (четири).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за данок на промет на производи и услуги.

(Од место се јавува господинот Арсов кој има забелешки во врска со оваа точка).

Да ви прочитам господине Арсов како беше.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и член 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани на насловот, тарифниот број 6, став 1 и на член 1. Но, амандманите на насловот и на член 1 ги повлече. А се согласи со модифицирање на амандманот на тарифниот број 6, став 1 во амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет, а со него се согласи и претставникот на предлагачот. Со тоа тој станува составен дел на текстот на пред- логот на законот. Ова, господине Арсов само ви повторувам како што прочитав.

Според тоа, законот е донесен.

Предлагам пауза.

Ве молам навреме да се собереме околу 14,30 часот.

(Седницата продолжи со работа во 15,15 часот.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Минуваме на **точката 47** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за слободните и царинските зони со Пред- лог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменуваше на законот за слободните и царинските зони.

Кој е за молам да крене рака? (54 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

- Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (56 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (56 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за слободните и царинските зони .

Минуваме на **точката 48** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица.

Кој е за молам да крене рака? (66 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

- Дали некој се воздржува од гласаше? (2 пратеника)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласаше? (2 пратеника)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица.

Минуваме на **точката 49** - Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за народната банка на Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за народната банка на Република Македонија.

Кој е за молам да крене рака?(64 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

- Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?(64 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (66 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за народната банка на Република Македонија.

Минуваме на **точката 50** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за кредитните односи со странство со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за кредитните односи со странство.

Кој е за молам да крене рака? (66 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

- Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (65 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (69 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за кредитните односи со странство.

Минуваме на **точката 51** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за сметководството, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за сметководството.

Кој е за молам да крене рака? (67 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

- Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (68 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ.**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас гледам во законите што ги носиме сега, никаде не видов закон само казнени одредби, за казни се работи. Со право можат да речат граѓаните дека ние носиме само закони за казни, а немаме никакви измени. Колку што видов се се препишани закони, Владата нема направено некој закон. Според мене носење на закон се подразбира од а до ш сите права и должности на граѓаните во тој закон и после велиме казнени одредби, преодни одредби во законот. Кој нема да се придржува ќе биде казнет со толку. Сега носиме ние само закони за казни, казнени одредби, ништо друго немаме. Зошто велиме дека носиме толку закони. Јас велам носиме толку казни на народот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (67 пратеника)

Дали има некој против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за сметководството.

Минуваме на **точката 52** - Предлог за донесување на закон за изменување на царинскиот закон, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Георгиевски

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господо пратеници јас на некој начин ќе се надоврзам на она што претходниот дискутант од пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ овде го отвори како прашање и покрај тоа што сето тоа што тој го кажа и она што сега јас ќе го кажам може да се однесува за сите овие закони, десетина, неколку од нив веќе се изгласани, неколку следуваат допрва . Сметам дека и одлучив да се јавам токму по овој закон затоа што ми се чини дека е еден од најпарадоксалните закони за кој денеска гласаме и за кој усвојуваме нови казнени мерки. Имено, за што се работи. Се работи на некој начин за царински закон Предлог за донесување на закон за изменување на царинскиот закон. Токму тука доаѓа проблемот. Како што рече претходниот дискутант можеби ние кога зборуваме за измена на сите овие закони подобро би требало да зборуваме за некои нови закони, за некои нови

предлози а не само за зголемување на казнените мерки. Одлучив да се јавам за овој Закон, затоа што сметам дека навистина сите се наоѓаме во една парадоксална состојба. А која е таа парадоксална состојба?

Помина веќе една година од донесувањето на Уставот на самостојна Република Македонија а ние сеуште имаме царински закон на некаква фиктивна држава СФРЈ, Југославија. Значи, дискутираме за царинскиот закон една година после уставот на самостојна држава Македонија, зборуваме за зголемуваше на казните на царинскиот закон на СФР Југославија. Јас ќе прочитам само 4 члена кои овде ми оставија впечаток до каде е парадоксалната состојба во РМ и некои членови на царинскиот закон на СФРЈ ние денеска донесуваме зголемени казнени мерки.

Во членот 349 став 5 се вели ако во царинскиот пограничен појас на море без одобрение од царинарницата на пловни објекти што сообраќа со странство прими или предаде стоки.

Шесто, ако во царинскиот пограничен појас на море, понатаму истото.

(Реагирање на пратениците)

Некој дофрла тука, незнам дали Владата мисли на Егејско море, или на кое море мисли, навистина не ми е јасно за што се работи тука...

(реагирање на пратениците)

Навистина овде има една многу нејасна состојба. Навистина дали се работи, дали Владата преудицира една нова состојба на некакво излегување на белото море, или се работи само за слаб препис и се мисли на Јадранското море односно Југословенското море.

Седмиот е уште поинтересен, ќе го прочитам целиот:

VIII/10

"Ако за стоките натоварени на брод во домашна лука односно пристаниште од моментот на натоварувањето на стоките до моментот на напуштањето на царинското подрачје на Југославија не располага со официјални исправи ...". Осмиот член е ист.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Навистина сметам дека мораме да се соочиме со парадоксалноста на она што треба да го изгласаме, а тоа е казнени мерки на некаков царински закон, на некоја држава која не постои, пак ќе го потенцирам моментот една година после Уставот на самостојна Македонија. Јас сум сигурен доколку македонската влада и ресорните министри кои се занимавале со тој проблем времето што го потрошиле додека ги изменат казните односно казнените мерки на овој закон, ако истото тоа време го потрошиле да изградат нов царински систем, царински закон на РМ, за истото време ќе го направеле тој нов царински систем, закон на РМ и сега немаше да дискутираме за некаква апсурдна ситуација за РМ. Тоа е првиот момент зошто сум спротив овој закон, односно против овие казнени мерки што се предвидуваат, а вториот момент е чисто економски. Сметам дека царинскиот закон каков што ни е поставен денеска во РМ односно тој царински закон кои ги штити интересите на некаква фиктивна држава Југославија е контрапродуктивен за целото македонско стопанство. И од тука навистина сметам дека зголемувањето на казнените мерки само може да јас влоши ситуацијата во стопанството во РМ, развојот на економијата, развојот на приватниот бизнис, развојот на се она што значи стопанство на РМ.

Од тука сметам дека е навистина парадоксално да зборуваме за зголемени казнени мерки по повод царинскиот закон, но што поскоро е потребно да го видиме новиот царински закон на РМ во ова Собрание.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Парадоксално е навистина, но животот познава парадокси. Вклучувањето на г-динот Георгиевски во расправата, неговите забелешки се на место, само тие произлегуваат од фактот што тој е нов пратеник. Новиот закон на РМ за царини, првата фаза ја има поминато, значи министерствата и Владата работеле и сега предлогот на законот веќе е на Влада на наредната седница и е при крај и ќе дојде на Собрание. Ова Собрание го има усвоено пред- логот за донесување на законот за царините и има расправано за тоа. Значи се работи и работата е на крај. Наскоро, овие денови ќе биде испратен пред Собрание во последна фаза.

Другите забелешки правно не е можно поинаку сега овие одредби да се менуваат, затоа што со Уставен амандман при- фатени се тие сојузни закони да важат се додека не донесеме републички и кога тие одредби ги менуваме никој нема право да ги прави поинакви, туку само казнените мерки, а формулациите остануваат исти. Правно не е можно поинаку сега да се спроведе, промената на казнената политика, а казнената политика се менува исто така и според убедувањето на Владата и според укажувањето на граѓаните и на овој Парламент и поради инфлацијата казните во апсолутни остануваат смешни. Тоа е она парадоксална ситуација во која сме сите доведени и друг начин за излез од таа парадоксална ситуација во моментот не се гледа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Нека ме извини министерот за финансии, но саскам да обрнам внимание на една работа. Ние носиме закони за царина на Република

Македонија. Тоа е факт, така. Меѓутоа, сите овие членови 5,6,7 и 8 од Законот тие точки зборуваат за Југославија, а во таа Комисија се присутни, дозволете да ви прочитам, предлагачи на тој закон се: Владата на РМ, 22-ти јануари 1993 година, денешната дата, така, Џевдет Хајредини, министер за финансии, повереници Стојче Јакимовски, потсекретар на министерството за финансии, Стефан Аритоновски, помошник на министерот за финансии. Јас незнам дали сте вие министри на Југославија или на Македонија. Да слезам од говорницата или не, да видам чии се овие министри. (Смеа во салата) Ве молам, овие закони треба да важат само за Македонија и во никакви мориња небесни или вселенски. Се знаат рамките на нашата држава, извинете г-дине министре, (смеа во салата) и се знае какви закони треба да донесуваме, да не се смееме, ние можеби ќе прифатиме, меѓутоа ги знаеме границите нас нашата Република. Затоа што ако навлеземе во тие закони во рамките на таа Југославија тогаш ќе не обвинат дека ние сме агресивна држава и дека го бараме Јадранско Море.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не) Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот аз донесување на закон за изменување на царинскиот закон.

Кој е за молам да крене рака. (56)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 16 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на текстот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (59)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на царинскиот закон.

Минуваме на **<u>точката 53</u>** - <u>предлог за донесување на закон за изменување на законот на даноците на граѓаните со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за даноците на граѓаните.

Кој е за молам да крене рака. (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање. (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 10 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (53)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за даноците нас граѓаните.

Има 68 пратеници, значи има кворум, но не гласаат сите.

Минуваме на **точка 54** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за комуналните такси, со Предлог на закон.

Предлогот аз донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за комуналните такси.

Кој е за молам да крене рака. (63)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 3, со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за комуналните такси.

Минуваме на **<u>55-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на законот за административните такси со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

IX/8

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот аз донесување на закон за изменување на законот за административните такси.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон. ЗПК поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Шеесет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за административните такси.

Минуваме на **<u>точката 56</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за оданочување на странски лица со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за оданочување на странски лица.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување н Законот за оданочување на странски лица.

Минуваме на **точката 57** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права.

Молам да се изброи колку пратеници се присутни во салата?

Информиран сум дека во салата се присутни 64 пратеници, значи можеме да продолжиме со работа.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 6 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 за бришење на став 3 и на член 3 за бришење на ставот 3 со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришеше на став 3 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права.

X/5

Минуваме на **<u>точката 58</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на промет на производи и услуги со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Од овој дневен ред што го имам јас точката 22 гласи исто како и оваа точка 58. Ако еднаш гласавме за оваа точка не би требала да биде сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за финансии ќе каже дека тоа не е исто. Овде се само некои казнени одредби.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ова е голема разлика. Во точката 22 предлагач не беше Владата, туку друг предлагач. Овде е предлагач Владата. Овде се работи за измена на казнените одредби, а таму се работеше за измена на тарифата и стап- ката во данокот на доход.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Кој е за молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 8 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Минуваме на **точката 59 -** Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансиско работење со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансираше и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за финансиско работење.

Кој е за молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше?(Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали се усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претресе по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за финансиско работеше.

Минуваме на **точката 60** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК и Комисијата за внатрешна политика и ОНО ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 9 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати.

Минуваме на **точката 61** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за банките и другите финансиски организации со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за банките и другите финансиски организации.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за банките и другите финансиски организации.

Минуваме на **точката 62** - Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за Службата на општествено книговодство со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за Службата на општественото книговодство.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ**:(продолжение)

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам општ претрес по Текстот на предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 7, со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(63 пратеници)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за службата на општественото книговодство.

Минуваме на **63-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за девизното работење со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот , извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

XI/2

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за девизното работење.

Кој е за, молам да крене рака?(61 пратеници)

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(57 пратеници).

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеника)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлагач Владата на Република Македонија, претставници Џевдет Хајредини, министер за финансии, повереници Стојче Јакимовски, потсекретар на Министерството за финансии и Стефан Аритоновски, помошник министер за финансии.

Нека ми прости министерот за финансии, сакав едно објаснување, ако Законот се носи со сите одредби кои важеа за бивша Југославија, тогаш тоа не е наш закон. Не можам да ви ги читам сите. Се е врзано за Народната банка на Југославија, дури на крајот завршува , ако сака некој да се жали ќе

мора да се жали кај  сојузниот девизен инспекторат. Тоа е прво.

Второ, тука се казнените одредби за оние кои ќе го прекршат законот за девизното работење. Меѓутоа, никаде не гледам да се каже како ќе се казнат тие што ги земаа девизите, а ќе се казни оној што ги дал девизите во банките. Јас сметам дека не е тоа така, во никоја држава го нема тоа, само кај нас. Кога се носат одредби за казнувања на лица било какви да се кои работат со банките автоматски треба да сносат одговорност и тие кои му ги зеле девизите на луѓето.

Вчера бевме сведоци на една лоша слика. Од сабајле до доцна во ноќта луѓето си ги бараа парите. Кој ќе биде казнет сега што му ги зел девизите? Никој. Не постои закон , не постои мерило на закон, не постои ништо. Слушајте луѓе, државите во светот носат устав и тој устав го уважуваат 200-300 години. Од тој устав произлегуваат закони. Јас многу пати зборувам тука дека ние носиме некој закон, а дали тие закони ги носиме спротивно на уставот, ми се чини дека се противуставни и пак ќе го повторам тоа. Никој вчера не ги прими тие луѓе да ги праша што бараат. Слушајте да ви кажам една работа и да запаметите да не го кажам тоа што утре ќе ти дојде дома и ќе ти ги бара парите. Кој ми ги зел парите?, а на ова место седеше господинот бивш претседател на Владата Никола Кљусев и кажа една тешка работа, ако се сеќавате, девизите се украдени и ќе ви дадам список. За жал, не смеам да зборувам сега затоа што човекот не е присутен, но ќе бараме да ни се даде списокот кој ги зел парите.

Друго, кажа уште еден тежок збор, рече "меѓу вас има и убијци". Тоа е внесено во стенограмот. Луѓе, ние си играме со судбините на луѓето. Носиме закон против оние кои ги внесуваат парите и нив треба да ги

казниме. Па поголема казна нема да му ги земеш некому парите што работел 20-30-50 години и да му ги украдеш. Тоа е чиста кражба, а никој да не го заштити. Не можеме да носиме таков закон, дури не расчистиме со луѓето.

Завчера господинот Бранко Црвенковски рече дека имаме 50 милиони долари во банките. Дали тој ги сметаше и тие пари на луѓето, тоа е прашање, но не ги сметаше. Значи уште полошо, ако не ги сметаше и тие пари дека се во банките значи тие пари им се украдени. Кој закон ќе ги казни тие што ги зеле парите? Никој. Да е лето ќе спиеа надвор на улиците како што правеа минатата година, но сега е зима па си одат.

Јас не дигам рејтинг ни на партијата,ни на никој, тоа да го сфатите, ни на самиот себеси. Мене ако ми побараш една марка нема да ти дадам. Најискрено да ви кажам. Меѓутоа, некој да му ја земе потта некому и да не постои закон да се казнат, а Собранието да ги крие луѓето, дај боже да нема никој од нас, меѓутоа, треба да ги кажеме луѓето, треба да го извадиме списокот и да ги кажеме овие луѓе направиле тоа и тоа и не само да ги кажеме, туку да ги казниме. Недај боже нема да ги обесиме, но, да ги исплатат каматите и она што им следи законски на луѓето што им го зедоа.

Сакаме да станеме доверители надвор на кредити, сакаме да носиме закони, па никој нема да ни верува во тие закони. Јас реков прв пат кога дојдов дека никој нема да ни даде и завчера тој закон што го донесовме со оној човек што ги прати парите и тоа е незаконски. Сега немам време, а ќе ви кажам зошто не е законски, ако сакате . Дали сакате да ви кажам? И за тоа ќе ви кажам. Ако  не сакате нема да ви кажам. Не може едно Собрание

да се занимава со ситнурии и со незаконски работи. Нема да се лутите јас никого не сакам да навредувам ни една партија, но известието што го даде во весникот "Вечер" Милчин, зошто ќе се употребат парите, не е Бранко тука и не сакам да зборувам. Друг пат ќе му кажам Бранко кога ќе дојде,зашто ме излага некни , елаборатот дојде и ми кажаа дека ќе се употребат парите за нешто друго, меѓутоа, нема ништо од тоа што вели Милчин дека ќе се употребат за таа работа што кажа претседателот на Владата.

За жал, неколку министри ги гледам тука, другите ги нема, си ја гледаат работата, нека им е на здравје, а вие што сте тука би- дете здрави и живи. Несе носат такви закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 8, со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(58 пратеници)

Дали има некој против?(2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање?(4 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за девизното работење.

Минуваме на **<u>64-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за промет со земјишта и згради, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за промет со земјишта и згради.

Кој е за, молам да крене рака?(59 пратеници).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, кој е за да крене рака?(64 пратеника).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(61 пратеник).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за промет со земјишта и згради.

Минуваме на **65-та точка** - Предлог на закон за концесија

Предлогот на овој закон и извештаите на ЗПК, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство, Ви се доставени, односно поделени.

Поради тоа што не се прифатени предлозите на Комисијата за финансирање и буџет изнесени по Предлогот за донесување на овој закон, а кои се од битно значење за неговата примена, како и бројните амандмани поднесени по Предлогот на законот, Комисијата за финансирање и буџет, оценува дека е потребно Законот да се носи во три фази и предлага овој текст на Предлогот на закон да се третира како Нацрт на закон.

Кој е за предлогот на Комисијата за финансирање и буџет молам да крене рака?(61 пратеник).

Дали има некој против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласаше?(3 пратеника).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Отворам претрес по Нацртот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро е што се предложи да биде Нацрт на законот, се согласувам со тоа, сакам да кажам општо дека овој закон треба да се донесе како потреба на државата, меѓутоа, во ЗПК дадовме некои забелешки, гледам дека овде истите не се земени предвид, а тоа се однесува за недореченост на одредбата од членот 6 од предложениот текст на Нацртот каде јасно се говори дека концесија може да се даде во траење од 20 години. Меѓутоа, по запирката, да не го читам целиот текст, "со можност да се продолжи". Ако остане ваква формулација да се даде до 20 години што значи тоа "да може да се продолжи" дали за наредните 20 години, за колку или е трајно. Затоа ќе треба ова да биде многу попрецизно.

Понатаму кога говориме да дадеме концесија на странски партнери 25 години е исто така интересно каде говори за овластувањата на Владата на РМ која се овластува да ја одземе концесијата од концесионерот, ако

Прво, не започне со вршење на концесијата, тоа е добро во овој момент, меѓутоа, ако е во прашање јавен интерес за вршење на концесијата. Ваква работа е одбојна во овој закон, таква работа не смее да се дозволи затоа што се дава еднострано право на Владата ако е јавен интерес да ја одземе концесијата. Кој е тој што ќе вложи свои средства за опремување за работа на концесијата и одеднаш да му текне некому ова е јавен интерес и ќе се одземе концесијата. При една ваква формулација, колеги пратеници, разберете ме дека никој ќе нема ниту смелост, ниту ќе сака да разговара со оваа држава за вакви вложувања.

XII/1.- JJ-ВБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Затоа предлагам на предлагачот при изработката на Предлогот, овој дел да се брише од законот. Тоа се моите основни забелешки на Законот што се предлага.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство, Комисијата за стопанство го поддржува Нацртот на закон дека има потреба за донесување на ваков закон кој ги содржи укажувањата од 13 мај 1992 година. Овој нацрт на закон нуди само начин и услови под кои добрата од општ интерес за Републиката може да се дадат на користење. Ова се гледа во членот 3,12,16 изборот на концесионерите, член 16 содржината на договорот за концесија и одредбите, а завршува со членот 28 каде измените на концепциските акти не влијаат на односите уредени со договорот за концесија. Од горе изнесеното за секоја концесија ќе има одделно регулирање со посебен закон и така би имале без број на закони за концесии. Поради тоа што самиот закон не ги прецизира добрата и спрема содржината на овој нацрт-закон, Комисијата стои на мнение дека насловот на Нацртот на законот треба да се замени со следните зборови "Предлог на закон за начинот и условите за одобрување на концесии", а не како што стои Нацрт закон за концесија.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство и пратеници, сметам дека овој закон за концесија треба да направи еден посебен пресврт во делот на однесувањето, посебно со добрата што се од општ интерес. Самиот закон како што рече известителот на Комисијата условите и начинот за давање на концесија, но во членот 5 односно членот 3 не е точно прецизирано кои концесиски акти ќе се донесуваат и сметам дека е добро што донесовме таков заклучок односно да оди законот во нацрт, а да се прецизира за

добрата што треба да се даваат за користење дека ќе се донесуваат концеиски акти или закони по области или пак за секое добро ќе се донесува посебен закон. Ова заради тоа што од ориентацијата и начинот на кој што ќе се донесуваат тие акти ќе зависи и однесувањето за користењето на тие добра. Сметам дека со овој закон,со неговото стапување во сила ќе се отвори еден процес и во делот на уредувањето на односите посебно со донесувањето на законот за трансформација на општествениот капитал. Оттука уште сега во забелешките сигурно треба да се води сметка и при донесувањето на Законот за трансформација на општествениот капитал, делот на добрата што имаат општ интерес на определен начин за нив да се донесат акти за давање на тие добра на концесија.

Тука останува доста во делот на афирмацијата на условите кои што се прецизираат со овој закон и сметам дека условите се доста либерални и посебно можностите за странски вложувања се доста отворени затоа што со самиот закон се уредуваат посебно во делот на користењето на концесиите во однос на рокот до 2 0 години, доста прифатливо како услов за определени странски вложувачи.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Сметам дека членот 7 не е доволно прецизиран каде што стои средствата остварени по основ на концесија се приход на Републиката и ќе се користат за поттикнување за развојот на Републиката. Сметам дека во овој член треба да се прецизира со тоа што во кој дел ќе се користат и кој ќе биде корисник на тие средства. Дали тие ќе се користат управо за развој на објектите што се дадени под концесија или ќе се користат општо за развој

на Републиката, како што стои овде. Сметам тоа треба да се прецизира.

И во однос на користењето на средствата сметам дека со давањето на концесијата, средствата што ќе се остварат по тој основ треба ова Собрание да има одреден увид во тоа и затоа сметам дека овој член треба да се прецизира во тој дух, а Министерството за финансии да ни предложи начин и постапка по намени за користење на тие средства.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Имам неколку забелешки во однос на Законот за концесија. Тие се однесуваат на следниве членови.

Членот 6 каде што се утврдува рокот на траењето на концесијата. Сметам дека овој рок од 20 години, не би сакала да утврдам некој рок многу поголем, но сметам да се даде една концесија и врз таа основа да се инвестира, овој рок е низок и според мое мислење треба да биде повисок.

Понатаму исто така се согласувам со претходниот дискутант дека треба во членот 7 попрецизно да се дефинираат средствата што ќе се користат за развој на Републиката, во кои области и на кој начин.

Исто така во членот 25, став 1 точка 2 според мене е неодржливо да стои Законот за концесија од следниве причини - ако се одлучи дека е тоа јавен интерес, тогаш Владата на РМ може да ја одземе концесијата. Тука се губи стимулот за вложување на концесионарите. Мое мислење треба овој член односно во членот 25 точката 2 да претрпи одредена модификација која сега во нацртот на законот дословно стои "Владата на Република Македонија може да му ја одземе концесијата концесионарот ако е во јавен интерес, да престане вршењето на концесионарската дејност", без притоа да се утврди рок и други работи. Според тоа мислам дека по Предлогот на

законот за концесија овој став треба малку попрецизно да се дефинира за да оние кои ќе вложуваат да имаат поголема сигурност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Нацртот на законот за концесија.

2. Собранието ја задолжува Владата да изготви на Собранието да му достави Предлог на закон за концесија при што да ги има предвид поднесените амандмани како и укажувањата содржани во извештајот на Комисијата за финансирање и буџет и оние укажувања кои беа овде изнесени на седницата.

3. Овој заклучок заедно со извештајот на Комисијата за финансирање и буџет како и амандманите и укажувањата што беа овде дадени да се достават на Владата и на Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (58)
Дали има некој против? (1) Дали има воздржани? (1)
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 66** - Предлог на закон за данокот од добивка.

Предлогот на овој закон и извештаите на ЗПК, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој ви се доставени, односно поделени.

XII/5.-

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 10 став 1, член 13 за додавање нов став, член 22, став 1 и 2 и член 23 став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 26 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 24 и член 2 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 9 став 1, алинеја 2, член 14 став 1 и член 15 втор дел со кој се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на амандманот на Владата на член 13 по кој не се произнела Владата.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 8 став 4, член 9 став 1 алинеја 4 и 6 и член 10, став 1 на член 13 за бришење на став 2, член 14 став 1 и 2, член 15 прв дел, член 16 став 3, член 17 став 2,3 и 4, членовите 17 став 2 и 3 и 20 и 23 став 1, член 22 став 1 и 2 и за додавање нов став 3 и на член 23 став 2 со кои не се согласила Владата.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 12 став 2, кој Владата го преформулира и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

XII/6.-

Пратеникот Петар Темелковски поднесе амандмани на член8 за додавање нов став 3-а, на член 8 став 4, на член 8 за додаваше нов став 4-а и на член 10 со кој Владата не се согласила.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 3-а поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овој закон оданочува добивка. Од добивката како економска категорија се утврдува и се пресметува со Законот за сметководство. Со оглед на тоа што во овој момент немаме закон за сметководство со кој се пропишува начин за утврдување на добивката, усвојувањето на законот дава можности за правеше на шпекулации во однос на пресметувањето на данокот. Такви и сега ни се прекуглава. Затоа мислам дека прво требаше да се донесе законот за сметководството каде ќе се утврди начинот на утврдувањето на добивката а после овој закон. Од тие причини ги поднесов амандманите. Амандманот број 1 на член 8 став 3 гласи: "Во вкупните приходи од став 3 на овој член влегуваат и приходите кои според одредбите на законот за сметководство се насочуваат преку ревалоризациони резерви во трајниот капитал на даночниот обврзник', со образложение даночниот обврзник приходите ги утврдува во рамките определени со закон и во износ помал од износот утврден со законот според одлуката што ја донесува даночниот обврзник. За да се спречат манипулациите со данокот од добивката, со овој амандман се предлага приходите да се утврдуваат само во висина на законски определените, односно и оние приходи што се насочуваат во трајниот капитал на даночниот обврзник, влегуваат во вкупните приходи што се определуваат со одредбите од овој закон.

Владата го изготви следниот одговор - дека прописите се во врска со законот за сметководство и дека даночниот обврзник, како што јас наведувам во амандманот не е така. Меѓутоа, јас би ја запрашал Владата чисто за едно стручно прашање. Приходите што се искажуваат со билансот а претставуваат основица за данокот на добивка според Законот за сметководство на господин Марковиќ се утврдуваат според законот за сметководство и според одлуката на даночниот обврзник. Така приходите по основ на пресметани камати и позитивни курсни разлики, даночниот обврзник може да одлучи ако му одговара да не ги пријави во билансот. Тоа значи тие приходи не се оданочуваат и многу даночни обврзници можат приходите да не ги искажат во билансот и да не платат добивка. Ако не се усвои нашиот амандман тоа значи дека монополските претпријатија се остваруваат големи приходи од позитивни курсни разлики и камати ќе им овозможиме да се ослободат од данокот на добивка. И другите амандмани се во истата смисла, расходите, платите и даночната ставка. Во тој контекст кога ќе дојдат тие амандмани ќе дадам подетално образложение и за нив.

Дали уште некој бара збор?

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

Сличен на овој амандман има и други но ќе се задржам на овој. Нецелисходно би било нерационално и непрактично од стручна гледна точка за исти поимови во разни закони од областа на финансиите да се даваат различни дефиниции. Дури тогаш во практиката веќе не би се знаело и ќе треба секој човек што работи во стопанството, а ние се залагаме и од овој парламент имаме такви насоки да конституираме едноставен и јасен прецизен закон за финансиско работење за данок на добивка итн.

Според тоа основните поимови од областа на финансиите што е вкупен приход што се расходи, се дадени во законот за сметководство. Моментално ние имаме закон на сила за сметководство. Без таков закон не

е можно. Тој ја има истата судбина како и другите закони што се преземени и како што знаеме на оваа седница е усвоен Предлогот за донесуваше нов закон за сметководството. Според тоа сметам дека не е можно ниту е потребно во овој закон да се даваат нови дефиниции за тоа што е вкупен приход што е расход итн. Тие поjмови се дефинирани во тој закон и тие ќе се применуваат на ист начин во сите други закони во областа за финансиите. Според тоа не би било во ред да се прифати овој амандман и сл.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 4 под- несен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес , кој бара збор?

XIII/1 пј/см

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предложената формулација на алинејата 3 од став 4 на членот 8 се однесува за определување на расходите кои не влегуваат, кои се третираат како одбитоци од основицата за пресметување на данокот на добивка и тоа трошоци по основ на подароци, завештание со намена за социјална заштита и во научни фондации за стипендии, истражувачки проекти во двоен износ.

Амандманот се однесува оваа алинеја да се преформулира и да гласи дека како вкупни расходи се сметаат средствата наменети за социјална заштита, социјални, добротворни и хуманитарни цели и установи, научни фондации, стипендии, истражувачки проекти во двоен износ, со тоа што предлогот на амандманот се однесува стипендиите како посебна категорија да имаат третман на расход, доколку правните лица ги издвојуваат, а не да бидат како научни фондации за стипендии, а воедно да се вгради правото како вкупен расход да бидат третирани и средствата кои што се издвојуваат во правните, физичките лица, за социјални, добротворни, хуманитарни цели и установи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

XIII/2

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 4 поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Овој амандман гласи вака: "во вкупните расходи утврдени по периодична пресметка односно по годишната сметка не влегуваат расходите над минималните утврдени со закон, односно расходите утврдени со одлука на даночниот обврзник, а тоа се следните расходи: материјални трошоци, амортизација, резервирање на трошоците, расходи на финансирање и вонредни расходи." Потоа се дава следното образложение. Со постојниот пресметковен систем Законот за сметководство приходите и расходите на даночниот обврзник се утврдуваат во рамките утврдени со закон. Така, расходите од кои што зависи даночната основица се утврдуваат во рамките пропишани со закон за сметководство. Пропишани се минимални износи на расходите кои даночниот обврзник мора да ги искаже во пресметката. Меѓутоа, со законот се дадени можности даночниот обврзник да покаже поголем износ на расходи ако така одлучи тој под одредени услови. Таквото утврдување на расходите може да ја намали даночната основица, да води сопствена политика на даночна добивка, односно колку ќе плаќа данок на добивка. Затоа, даночната осноцица во неа не треба да влегуваат расходите утврдени по одлука на даночниот обврзник. Расходите кои се искажуваат во билансот според постојните прописи се дозволува по одлука на корисникот да се утврдуваат во многу поголем износ од нормалниот износ што се утврдува со Законот.

На пр., Законот дозволува даночниот обврзник да води политика на расходи односно искаже поголема добивка како нему му одговара. И тоа еве како, ако не сака да плаќа данок на добивка ќе го стори следното: ќе ја намали вредноста на залихите ќе ги отпише побарувањата, ќе пресмета високи лични доходи кои нема да ги исплати, односно претпријатието ќе го доведе на граница на рентабилноста. Ќе прикаже мал финансиски резултат, наместо поголем финансиски резултат, само да не плати добивка. Затоа господа пратеници нашиот пресметковен систем на господин Марковиќ е преземен од Запад каде постои пазарно стопанство, а во пазарното стопанство даночниот обврзник прави два биланси, еден биланс за претпријатие, еден за државата. Даночниот биланс и неговото составување треба јасно и прецизно да бидат утврдени. Бидејќи прашањето е од суштествен карактер барам стручен одговор од Владата и за следното. Ако едно претпријатие има добивка од 100 милиони денари, истото одлучи да ги зголеми платите пресметани во сметководството за 100 милиони денари или да одлучи побарувањата од Србија да ги отпише, односно да искаже финансиски резултат нула и да не плати данок на добивка. Јас мислам дека овие амандмани се суштински на овој закон. Овие се во интерес на државата. Меѓутоа, доколку пратениците одлучат дека не треба да се заштитиме самите од шпекулации, повелете гласајте.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Образложението што го дадов по повод еден претходен амандман важи и сега. Овие опасности на што укажува господинот не се можни поради други закони, поради Законот за сметководството. Несе можни, исклучено е даночен биланс е книговодствен биланс. Ќе има една разлика,

само даночниот биланс е во смисла што ги зема предвид даночните олеснувања и ослободувања при утврдувањето на основиците. Инаку, книговодствениот биланс ќе биде за сите ист. Сите расходи па и платите ќе бидат оние кои ќе бидат уредени со други прописи, ако бидат уредени. Платите ако не бидат уредени, ќе бидат толку колку што ќе ги исплатат односно што ќе имаат право да ги исплатат. А ние одиме кон тоа да не уредуваме плати со закони. Вие викате дека тие се закони земени од пазарни стопанства. Па, токму сакаме и ние да донесеме закони кои треба да важат за пазарно стопанство. Апсолутно во никој случај не сме ориентирани да донесеме закони кои се за непазарно стопанство,за што ако немаме пазарно стопанство лошо ни се пишува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е, за молам, да крене рака. (Пратениците креваат рака).

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, став 4 поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додаваше нов став 4-а поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за додавање нов член 4-а поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 1, алинеја 4 и 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор, (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака. (Пратениците креваат рака).

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 алинеја 4 и 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 10 утврдена е висината на даночната стапка кај обврзниците на данок од добивка. Со амандманот кој што го предлагам, всушност предлагам геолошките истражувања да не бидат оданочувани со даночна стапка од 17%, туку да бидат ставени во третата група и да бидат оданочувани со стапка од 4,5%. Владата во своето образложение, одбивајќи го овој амандман утврдува дека амандманот не се прифаќа од причина што во алинејата 3 се опфатени само обврзници од вонстопански дејности, додека геолошките истражувања спаѓаат во групата индустрија и рударство. Бидејќи сите овие дејности се оданочени по стапка од 17%, затоа и геолошките истражувања мора да бидат оданочени со данок од

добивка по стапка од 17%. Овој амандман кој го предлагам, всушност овозможува, имајќи ја предвид важноста на геолошките истражувања во секоја држава, наместо досега предложените 17% организациите и претпријатијата во геолошките истражувања во оваа подгрупа 1105 да бидат оданочени со данок на добивка во висина од стапка 4,5%, со што се обезбедува можноста поголем дел од добивката да се насочува во нови истражувања. Ние знаеме каква е состојбата материјалната во геолошките истражувања, имајќи предвид дека не е регулиран статусот на сопственичките односи во поглед на овие институции кои се занимаваат со геолошки истражувања, односно стопанисуваат со национални богатства, кои како прашања ќе бидат регулирани со законот за концесија и законот за трансформација на општествениот капитал, имајќи предвид и можноста дека истите би можеле да бидат во рамките на државата, умесно е да се прифати предлогот овие организации да бидат оданочувани според стапка од 4,5% за да може поголем дел од остварената добивка да ја насочува во нови истражувања и нови инвестиции. Тоа е огромно значење за развој на Републиката. Затоа, предлагам независно што можеби во третата алинеја се опфатени дејности вонстопански дејности, предлагам сепак Собранието имајќи го предвид образложението и значењето на геолошките истражувања да го прифати амандманот со кој што истите ќе бидат оданочени со стапка од 4,5%. Така, од втората алинеја каде што е стапката 17% да се избришат, а да бидат додадени во алинеја 3 каде што е утврдена групата на даночни обврзници по стапка на данок на добивка од 4,5%.

XIII/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(Пратениците креваат рака).

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор?

Господин Темелковски бара збор?

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Овој амандман гласи вака. "Обврзниците на данокот на добивка го плаќаат данокот од добивка по стапка од 20% и тоа со следното образложение. Со овој амандман се предлага пропорционална и единствена стапка на данокот на добивка, затоа што добивката е синтеза на сите специфики во работењето на даночните обврзници, односно во неа се инкорпорирани сите специфики во работењето. Тие што работаат во поповолни услови ќе остварат поголема добивка и ќе плаќаат во поголем износ данок на добивка, а даночните обврзници што работат во понеповолни услови, ќе остваруваат помала добивка и ќе плаќаат помалку данок на добивка."

По однос на даночната стапка ако данокот на добивка е синтеза и резултат на условите на стопанисување и работење секаде во светот, па и кај нас би требало данокот на добивка стапката да е пропорционална и единствена. Ако оствари добивка плаќа данок, а ако не плаќа. Заради

политиката на развој даночните стапки можат да бидат и прогресивни, а никако да бидат диференцирани. Тие се утврдуваат каде постои категорија на доход. Владата очигледно не сака да се ослободи од доходовната економија што беше кочница за разговори. Не може да се брани ставот дека во примената на даночниот систем треба да се оди постепено. Едноставно ако има добивка се плаќа, а ако нема не се плаќа данок. Дека не се мисли развојно се гледа и од тоа што поголемиот дел од трговските претпријатија, ќе плаќаат стапки до 30%, иако има и стечајни работници и од обласа на оваа гранка. Даночниот систем на другите републики смело го напуштија доходовниот систем, а ние сеуште не сакаме тоа да го направиме.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Две покрупни констатации сакам да ги демантирам. Овој закон беше во постапка да се донесе и да важи за 1992 година. Меѓутоа, од познати причини не се успеа да дојде на дневен ред. Ова Собра- ние на оваа седница прифати предлог за донесување закон за добивка на корпорации каде што вршиме коренита измена на даночниот систем. Тоа значи еден чекор напред дека Владата не сака да биде врзана со доходовната политика и концепцијата токму е настојувањето на владата што побргу да се донесе овој закон. Зашто,овој ако не се донесе, ќе важи законот за придонесот на доход кој сега е на сила. Дури тогаш продолжуваме и во 1993 година да го примениме тој закон. Донесувањето на тој закон значи престанување на важењето на законот за придонесот на доход. Ова е вистината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој):

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 2 на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? Господинот

Петров бара збор.

XIV/1 НН/ЛБ

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене не е сфатливо третманот на државата Македонија во корелација со предложениот амандман имајќи во предвид дека членот 13 став 2 гласи: "Под приходи по основа на продажба на производи, на услуги и стоки на странски пазар во смисла на овој закон не се сметаат приходите остварени по овој основ во некогашните Југословенски републики". Нас ни беше многу криво кога Европската заедница не ословуваше со терминот, со упатството за размена на стоки и услуги, некогашна Југословенска Република Македонија и ние ќе западнеме сами во коалиција со себе си, а и Владата паѓа заради тоа што истиот ептитет - некогашни југословенски републики ги предава со законски текст на сите останати самостојни држави кои се меѓу- народно признати и членки на организацијата на ОН. Затоа сметам дека овој амандман што го предложи Владата, а што стана составен дел На законот, тоа е член 13 став 2 треба да се избрише. Државата можеби, како што укажуваше министерот на седница на Комисијата за финансирање и буџет на овој начин целиот увоз и извоз на претпријатија од РМ во овие држави ќе го смета како домашен пазар за да може да го оствари правото да наплаќа данок на добивка на делот од приходите остварен на пазарите на овие држави. Затоа сметам дека со една ваква конструкција на овој член не би требало Собранието да се согласи и да прифати ставот 2 од членот 13 на Предлогот на законот да се избрише.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници. Мислам дека се работи за амандман •од суштинско значење без оглед на тоа дали тоа на нас во овој момент ни погодува или не. Во овој случај мислам дека е поголема борбата за освојување на нови пазари а не само за затворање на самите пазари со кои што порано работеше нашето стопанство. Доколку ова остане така како што

е мислам дека ние самите се затвараме и покрај ембаргото и покрај низа други устројства во законитоста на работа во одредени стопански субјекти кои што сега ги имаат без да тие бидат понатаму во можност да бараат нови пазари за своите производи и на тој начин да го афирмираат и нашето стопанско производство и нашите производи на страна.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво да одговорам на последната забелешка. Токму овој амандман ќе ги стимулира стопанствениците да изнаоѓаат нови пазари надвор од подрачјата во кои досега биле, затоа што таму би ослободувале од делот на добивката што потекнува од приходот остварен.

Второ, реков дека е времено решение, меѓутоа има право оптички, визуелно, политички еден аспект на гледање на ова прашање. Меѓутоа, факт е дека стопанските врски висок процент досега пласманот на производите на Република Македонија биле бившите републики на Југославија. Таа врска не се кине со акт одеднаш. Доколку ние и тука ги ослободуваме ја намалиме основицата на данокот на добивка остварена сразмерно на приходот што ќе го остварат во овие бивши републики ние во голема мерка, од економски и финансиски аспект на приходите на државата е направено, затоа што штетата би била за приходите на државата многу поголема.

Трето, не е регулиран платниот промет со бившите републики на Југославија за да можеме, таму сеуште не оствaруваме конвертибилни девизи. Ослободувањето, олеснувањето и стимулирањето на извозот има смисла само во овие случаи каде што оствaруваме девизи. Сеуште не сме ниту оваа година ќе може да оствариме конвертибилни девизи на пласманите на извозот на производите во бившите југословенски републики. Тешко е да не очекува тоа одеднаш. Ова е смислата на ставот

2. Камо среќа да дојде, да се стабилизира надворешно трговската размена и со овие републики, па сигурно тогаш веднаш ќе имаат ист третман како и со Германија, Бугарија, Албанија, Унгарија и др. Ова се прави од други мотиви, со други цели а не од тоа дека се тие. Може тоа и да го прифатиме ние, меѓутоа овој е еден од најзначајните извори на приходите на буџетот на Републиката. Ќе треба да се за- мислиме дека ќе има доста негативни последици со кои ќе се соочиме за неколку недели кога ќе расправаме за буџетот. Тоа е мотивот, ниеден друг и сега веднаш не е можно да ги одбиеме од основицата добивката која потекнува од пласманот, од приходите остварени во бившите југословенски републики.

Впрочем можеме ние утре а и сега, никој не брани во законот да стои кои држави. Во тие и тие држави ако е пласманот не олеснувале. Според тоа со ова апсолутно не правиме никаков различен третман. Може утре да најдеме интерес да не ги ослободуваме од пласманот во Албанија. во Бугарија итн. Тоа е принципиелно прашање меѓутоа немојте заради еден таков ефект сега да ги намалиме приходите на буџетот затоа што пак ова Собрание ќе мора да се соочи со проблеми за кои треба да најде начин за финансирање на јавната потрошувачка, а со какви проблеми таму се соочуваме, свежи се дискусиите од ребалансот на буџетот водени пред нова година.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам само да го информирам Собранието дека Пред- логот на законот за данокот од добивка ова собрание го доби во процедура на 30 јуни 1992 година. Не верувам дека министерството .кадровски кој знае колку е променето во својот состав. Кога тоа министерство со истите повереници, нормално сега со различен министер ни го предложија Предлогот на закон за данок од добивка членот 13 гласеше: "На обврзниците на данокот од добивка им се отстапува дел од износот на данокот од добивка пресметан

за соодветниот пресметковен период според пропишаните стапки, а кој е сразмемрен на учеството на приходите по основ на продажбата на производи, услуги и стоки на странскиот пазар во вкупниот приход на даночниот обврзник." Кога Владата ја променивме на 20 октомври минатата година ги го предложи овој амандман на член 13 за дополнување, додавање на став 2 кој јас предлагам со амандманот да се брише.

Ние платниот промет ако не го регулираме на соодветен начин, како што одговара помеѓу две суверени држави не може да го користиме овој закон за да предложиме приходите остварени по основ на продажба на производи и услуги и стоки на странскиот пазар, во овој случај само странски пазар некогашни југословенски републики да не го третираме како приход од странство што го регулира ставот 1 на членот 13. Затоа сметам и не ја гледам разликата, на почеток тоа го кажав истата структура на вработени лица од тоа министерство ни го предложила овој член 13 од Предлогот на законот за данокот од добивка, а дополнителните сознанија дека буџетот нема да се надополни во однос на оној дел кој ќе биде ослободен давајќи му третман како приход на домашен пазар ни го предлага истото министерство некаде на 20 октомври. Затоа сметам дека можеби поголема обврска на Владата е освен како што го имавме регулирано, или ги имаме односите на платниот промет со Хрватска и Словенија тоа да се направи и со Сојузна Република Југославија. На прашањето да се одлага, не знаеме какви мерки, активности се преземаат од страна на Владата да се регулира платниот промет, а вршиме вакви конструкции, импровизации во одделни материјални закони со кои решаваме одвивање на кој платен промет.

XIV/5

Впрочем, оние кои се занимаваат со стопанство знаат како се одвива платниот промет и колку Републиката евидентира било што излегува и влегува, имајќи го предвид дека увозно- извозни декларации не се користат во стопанските врски помеѓу субјекти од Македонија и СРЈ. Државата односно Владата треба да предложи закон со кој ќе можат да се обезбедат инструменти за евидентирање на вкупниот приход остварен кај стопанските субјекти во Македонија и во СРЈ за да може вистински да се утврди даночната основица за пресметка на данокот на оној кој може по позитивните законски прописи да се наплати во Република Македонија. Меѓутоа имајќи го во предвид третманот некогашни југословенски републики, што воопшто не е прифатливо за суверени самостојни држави да им го придаваме во овој закон сметам дека ставот 2 треба целосно да се избрише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Терминолошки треба да се разјасни Владата што се однесува до тоа, затоа што сега држава е СР Југославија, а не двете републики. Така да треба да се стават вистинските имиња на државите а од друга страна ова не се однесува само на СР Југославија, туку и на оние со кои го имаме регулирано платниот промет. Тоа се однесува на платниот промет и со Хрватска и Словенија и Босна, така да ова нема врска со некои конотации со Југославија, СР Југославија. Тоа ги зафаќа сите републики од поранешна Југославија, само се тоа независни држави инаку конструирани некои од нив. Затоа мислам дека амандманот ан Владата треба да биде усогласен .

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитувани колеги пратеници. Мислам дека поднесениот амандман од господинот Тодор Петров заслужува внимание, иако се согласувам со дел од даденото образложение на господинот министер, кој укажуваше за

намерите и целите на Владата, што треба да се стимулира како економска политика во делот на растоварувањето. Меѓутоа, сепак има одредени работи кои што треба по прецизно да се согледаат или да се издеференцираат од аспект на тоа што во повеќето од поранешните републики што сега претставуваат самостојни држави нашето стопанство се среќава со два момента. Моментот на сериозна конкуренција а од друга страна квалитетот на изворот што го остварува таму во смисла на тоа што тој извоз служи како база за набавување на квалитетни репроматеријали кои би требало да бидат набавувани од други странски држави каде што треба да се плаќа цврста девиза а од друга страна и значаен дел од извозот што се остварува во овие републики се плаќа со цврста девиза. Од тие причини, би требало да има во секој случај една поблиска дефиниција за кој извоз, за кои републики и за каков остварен ефект. Од тие причини мислам дека решението што се дава со амандманот од господинот Петров треба да биде прифатено при немање на поблиска дефиниција. Тоа на некој начин ќе придонесе за понатамошно поголемо ангажираше на нашите претпријатија за зачувување на позициите на овие пазари, а преку тоа и остварување на значајни ефекти.

Кога го велам ова мора да се има предвид и сознанието симулирањата кои што беа вршени на дел од претпријатијата, вклучувајќи го и претпријатието во кое што работам, со новиот механизам кој треба да се примени во делот на зафаќањето. Практично покажува дека новиот механизам ќе доведе до нови зафаќања за 5% поголеми на остварувањата во однос на досегашниот систем што беше присутен. Од тие причини го поддржувам амандманот и предлагам односно сугерирам истиот да биде подржан од сите пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам денеска да прекинеме, а Владата не може да ни даде амандман со непостоечки држави. Она дава амандман кој не е во ред, основата не чини, па Владата да се усогласи.

За продолжувањето на седницата ќе јавиме дополнително.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот).